СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
од Четвртото продолжение на Осумдесет и шестата
седница на Собранието на Република Македонија,
одржана на 11 јануари 2005 година

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,02 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ги молам пратениците да седнат на своите места.

Почитувани пратеници, продолжуваме со работа по Осумдесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Ангелка Пеева - Лауренчиќ, Зоран Крстевски, Весна Борозан, Трифун Костовски, Али Ахмети, Џезаир Шаќири, Мендух Тачи, Илјаз Халими, Љубе Бошковски, Љубчо Георгиевски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Орданчо Тасев и Теута Арифи ме известија дека се спречени да присуствуваат на оваа седница.

Пред да почнеме, посакувам Парламентот да работи исто толку успешно како што беше минатата година, да бидеме конструктивни и соработливи и се надевам дека така ќе биде.

Минатиот пат започнавме со **точката 14 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, со Предлог на закон.**

Застанавме кај расправата, бидејќи претресот беше отворен.

Ве молам, кој бара збор по овој закон?

За збор се јави господинот Караџовски Жарко.

Повелете.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги,

Еве, на желбите 2005 година да ја продолжиме во стилот на 2004 година, како опозиција продолжуваме во тој контекст, тоа значи дека ние во секој случај ќе дискутираме, останатите ќе гласаат.

Уште на самиот почеток би сакал да кажам дека овој закон што се нуди и со кој што ја започнуваме 2005 година е Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност. Значи закон кој што во повеќе наврати сме имале можност овде во Собранието често пати да го изменуваме и дополнуваме и сето тоа заради една единствена причина, а тоа е намалување на оние права што им следат на невработените лица по основ на овој закон и се во правец на рестриктивните мерки. Така што и оваа, најнова измена што сега се предлага со овој закон е исто така рестриктивен закон со кој што се намалуваат одредени права што со Законот беа утврдени на невработените лица.

Образложенијата што предлагачот ги кажува во Предлогот на законот се тие што главно се базираат од намалување на дефицитот во Буџетот на Агенцијата на Република Македонија, како и намалување на средствата што по оваа намена се планира да се исплаќаат од Буџетот на Република Македонија. Или со еден збор, заштеда на одреден паричен износ, за одредени средства, а на сметка на невработените лица. Со тоа само се потврдува дека Буџетот на Република Македонија, вклучително и Агенцијата за вработување не се во можност, според предлагачот, да го следат овој тренд на невработени лица, особено нивниот износ, нивниот број, со оние парични средства што се потребни по основ на невработеност да се даваат.

Инаку, Законот се на се, содржи 11 членови. Најдискутабилен е членот 5 со кој што и главните измени се тука предвидени. Јас ќе се задржам, почитувани колеги, на членот 5 каде што сега се менува членот 71 став 2, од каде што може да се види, тоа што го кажав на почетокот, дека се воведуваат рестриктивни мерки со овој закон, а кои што се тука најмногу изразени.

Имено, досега во членот 71, во ставот 2, беа предвидени услови кога паричен надоместок се исплаќа на невработено лице, поточно беше предвидено времетраењето на исплатата по основ на невработеност. Во стариот став 2 имаше повеќе алинеи, поточно имаше 6 алинеи каде што вкупното времетраење на исплатата на паричниот надомест беше вкупно, најмногу 14 месеци, со тоа ако лицето има 15 години стаж на осигурување, како еден од условите.

Е, сега со новите измени, оваа одредба, значи времетраењето на исплаќањето на паричниот надоместок се намалува од 14 на најмногу 12 месеци, со тоа што се корегираат и останатите алинеи, во зависност од оваа максимална

должина која што сега со овој член се предвидува. Така, во алинеја 1 се предвидува дека времетраењето на исплатата на паричниот надомест по однос на невработеност ќе биде три месеци, ако невработеното лице има стаж..

(Џагор во салата)

Очигледно уште не држи празничната атмосфера. Никој ни слуша ни..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас имав многу повици на телефон кога ќе почнеме со седнициве, но очигледно малку надвладеа празничната атмосфера.

Повелете господине Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Значи, три месеци ако се има стаж на осигурување најмалку 9 месеци во непрекинато траење или 12 месеци со прекин во последните 18 месеци. Оваа алинеа е иста како и претходната. Значи, таа не се менува.

Меѓутоа, наредните, сега во новиот член 71 став 2, значи алинеите 2,3,4 и 5 се потполно нови, за разлика од претходните што ги имаше вкупно 6. Заради запознавање и заради интересот што владее за овој закон во јавноста, ќе ги прочитам:

Втората алинеа би била: "Должината на времетраењето на исплатата на паричниот надомест ќе изнесува 4 месеци за невработено лице кое има стаж на осигурување 24 месеци во непрекинато траење". Значи, споредено со претходниот став 2, претходно беше 15 месеци, а сега е 24 месеци, што значи се зголемува стажот на осигурување, како услов.

И "48 месеци" како првобитна варијанта на овој закон кој што подоцна со амандман од предлагачот е сменет на 36 месеци..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ги молам пратениците малку потивко.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

..со прекин во последните три години.

Третата алинеа, станува збор за период од 6 месеци ако невработеното лице има над 5 односно до 10 години стаж на осигурување. И овде стажот на осигурување е зголемен како основ. Претходно беше минимум 30 месеци стаж на осигурување, и тн., па потоа одиме на 8 месеци ако лицето имало од 10 до 15 години стаж на осигурување и максимално 12 месеци за сите оние кои имаат над 15 години стаж на осигурување.

Рестриктивноста на законот тука токму се гледа во овој член 5 каде што времетраењето се намалува, зборувам за исплатата, а се зголемува основот по кој што може да се исплаќа еден ваков надоместок. Па имаме од минимум 12 месеци, па се нагоре до 15 години стаж на осигурување.

Можеби најголемата, не можеби туку сигурно најголемата измена во овој закон е ставот 3 што сега се менува, а кој што ќе ми дозволите да го прочита:

“На невработеното лице кое има над 15 години стаж на осигурување а на кое му недостасуваат најмногу до 5 години пред исполнување услови за стакнување право на старосна пензија” или тоа би значело 59 години за маж или 57 години за жена, “паричниот надоместок му се исплатува до неговото вработување односно до настапувањето на некој од основите за престанок на паричен надоместок”, се мисли на исполнување на старосна пензија. Во што е тука измената? Измената е во тоа што до сега, до сега беше условот најмалку 15 години стаж на осигурување, што се задржува, но 55 години старост кај невработеното лице. Значи, сите тие кои имаа минимум 15 години стаж на осигурување и 55 години старост имаа право, согласно овој Закон да земаат паричен надоместок до нивното вработување од Агенцијата за вработување или пак до исполнување на условите за старосна пензија, што сега се намалува. Сега е основот 15 години стаж на осигурување со 59 години за маж и 57 години старост за жена. Што значи дека поголем број на категорија на граѓани што се невработени во Република Македонија на овој начин ќе го изгубат она право што до сега го имал некој друг. Според мене, тоа е таа рестриктивна одредба, се со цел да се намалат средствата што по овој основ беа исплаќани.

Во членот 4 стануваше збор и за висината на паричниот надоместок и тука имаме интересен предлог. Во самиот закон се ставаше процентот 65%, да не може да биде повисок паричниот надоместок од просечната плата на работник, исплатена во последниот месец во Република Македонија. Потоа, со амандман, предлагачот го корегира тој процент на 80%.

Тука има интересно образложение, бидејќи образложението по однос на овој процент, буквално целиот закон, образложението на Законот се однесува за процентот од 65%. Тука предлагачот дава некои статистички податоци, во смисла на тоа колку би се заштедиле доколку би била исплатата на паричниот надоместок во овој процент, најмногу до овој процент и тука се задржува кај краткорочните корисници, некаде околу 4% како што кажува самиот предлагач или заштеда од 13.760.000 денари или 22.700 евра. Кај долгорочните корисници заштедата изнесува

12%, значи би изнесувала 12% од корисниците, што не е мал износ и некаде околу 175.000 евра. Заштедено вкупно кога ќе ги собереме овие два основи, според предлагачот, би се заштедиле околу 400.000 евра паричен износ.

Исто така, во образложението кај долгорочните корисници, според Владата, 88% имаат паричен надоместок понизок од 8.100 денари, што значи дека со образложената измена би се опфатиле 12% од овие лица, чиј што паричен надоместок би изнесувал 9.932 денари. И сега намалувањето, според предлагачот, согласно овој процент, би било некаде околу 1800 денари. Меѓутоа пак ќе напомнам, тоа е образложение, некоја пресметка што е обработена и изработена според процентот од 65% што беше првична варијанта, а потоа со амандман се предлага 80%. Сега ние го немаме тој показател, бидејќи во амандманот, во образложението немаме такво образложение што би значело, за колку би се заштедило и колку овој износ би се намалил. Сигурно би бил помал од 400.000 евра. Можеби и половично.

Но, тука е нелогичноста ако појдовната основа беше да се задржи процентот од 65%, што е тоа што ја премисли Владата да го зголеми на 80% од просечната плата по работник во Република Македонија?

Значи, има нелогичност, а се предлага измени на закон, со вакви објаснувања што од сите аспекти се труди предлагачот да ги образложи, да ја каже оправданоста на сето ова што го предлага и заради дефицитот што се јавува и заради заштеди во Буџетот на Република Македонија, за да потоа со амандман го корегира и на некој начин искажува некоја широкоградост во смисла на тоа дека вакви усогласувања треба да има, меѓутоа процентот може и да се корегира.

Што значи дека и покрај сите овие математички предвидувања, сепак има и доста политика каде што, за да се смири тензијата што можеби беше најавена од страна на синдикатите или самите лица кои користат ваков паричен надоместок, еве Владата на крајот го корегира износот на 80%, што за мене и тој не е прифатлив.

По однос на членот 1 што се нуди во измнените на овој Закон, морам да кажам дека оваа одредба е добра, затоа што ако кај невработено лице, по било кој основ, се случила некоја причина поради која што го изгубил правото да биде евидентиран во Агенцијата за вработување, да повторно може да се пријави, одредбата беше по истекот на две години, што сега се менува и е по истекот на една година, што според мене е подобра одредба. Периодот од две години е голем период.

Членот 2 е чисто усогласување на текстот со одредбите на други закони, затоа што зборови “да се пријави веднаш” е категорија што не можеме да ја дефинираме што значи “веднаш”. Дали тоа значи сега и одма и тн. и сега се става рок од 8 дена кој што рок е многу попрецизен и дава простор и место за остварување на оние права што со овој член се предвидуваат.

Членот 6, со измените на Законот, со членот 6 се воведува уште една нова алинеја. Тука станува збор за запирање на паричниот надоместок на невработено лице на определено време, значи за определено време. Тоа се тие услови што се предвидени и сега, покрај оние две што се предвидени во стариот текст на Законот, сега се додава и нов услов, односно нова алинеја која гласи: “Доколку лицето е работно ангажирано или врши дејност”.

Според мене, ова е малку нејасна одредба затоа што во членот 6 односно во членот 85 станува збор за прекин, значи на надоместокот за определено време. Тоа значи кога е на отслужување на воен рок и тн, да не ги цитирам оние две други алинеи. Оваа алинеа што сега се внесува, работно е ангажирано или врши дејност, мене ме асоцира на трајно прекинување на основот за исплата на паричен надоместок, што никако не би можело да се смести во категорија каде што тој основ се прекинува за определено време. Тука би требало да биде појасно за што станува збор, дали за работно ангажирано или вршење дејност на определено време или пак за трајно. Ако е за трајно работно ангажиран, таквата одредба или таквата алинеја не треба да биде во овој член.

Членот 8 е можноста за повторно добивање на право за паричен надоместок. Овој член е врзан со претходните и за него важи истото. Според мене, повторно да се здобие со право за паричен надоместок, сега треба невработеното лице да ги исполнува овие услови што ги прочитав во членот 5 од овој закон или членот 71 каде што, да не ги повторувам, според мене е доста рестриктивно и станува збор за намалување на овие права што до сега ги имале невработените лица.

Таков заклучок од сето ова што досега го кажав би можел да го кажам следното.

Ако овој закон го читаме онака како што ни се предлага ќе испаден дека очигледно виновни за својата состојба на невработено лице се самите невработени лица, затоа што сите мерки кои што Владата ги превзема особено во ваквите видови на закони се мерки кои што се рестрективни и мерки кои што секојдневно, или од година во година се намалуваат таквите права.

Исто така во самото образложение ќе прочитате дека како основна цел поради која што Владата се стремела да предложи еден ваков закон е тоа што во нејзината политика, која имавме прилика да ја слушнеме при носењето на буџетот, нејзината политика, намалување на сиромаштија, програмите што имавме можност да ги читаме, зголемување на вработувањата итн, е тоа што Владата се труди пасивните мерки кои што со вакви закони се предвидуваат да ги направи активни. Или тоа преведено значи да имаме што помал број на невработени, значи оние кои што се невработени да имаат поголеми шанси да се

вработуваат, а со тоа и да немаат потреба од исплата на вакви парични надоместоци. Сето тоа би било во ред и сето тоа би можел да го разберам и сфатам, но доколку навистина во Република Македонија можеме да видиме една таква тензија, еден таков чекор напред каде што навистина со сите овие мерки кои што Владата ги презема бројот на невработените во Република Македонија од ден на ден се намалува. Меѓутоа, состојбата е сосема обратна.

Ние имаме посебно во овие две години од владеењето на оваа коалиција континуирано зголемување на бројот на невработеноста во Република Македонија. Таа бројка според разни извори, да не навлегувам во тоа кој извор е померодавен, дали според Заводот за статистика, дали според евиденцијата на Агенцијата за вработување, но во едниот и во другиот случај таа бројка се движи околу 400.000 лица невработени во Република Македонија што е доста, доста голема и загрижувачка. Сега не можете вие како предлагач, како Влада да кажете дека за тоа што се тие лица невработени испаѓа со овие мерки што ги предлагаме сега со овој закон дека се тие апсолутно виновни и дека таа бројка од 400.000, можеби не сета,можеби овде е искажана , но не би сакал да цитирам, што се на бирото за вработување со користење на правото на паричен надоместок ја оптеретуваат државата која се наоѓа во улога на состојба во која што не може да издржи дефицит во Агенцијата за вработување, или пак одлевање на средствата од Буџетот, каде што според образложението на предлагачот некаде околу 80% Буџетот ги финансира тие средства, затоа што во Агенцијата ги нема.

Значи, Владата би требало ако веќе во програмите кои што ги елаборираше овде кога се носеше буџетот и политиката на Владата, и самиот премиер кога ја кажуваше својата Програма, би требало да се усмери во носење на такви закони кои што ќе овозможат зголемување на вработеноста во Македонија и на тој начин што помалку невработени на списокот во Агенцијата за вработување толку помалку

одлевање на пари по основ на овие надоместоци кои што се утврдени со овој закон, а не вината да ја префрлиме на некој  затоа што станал толку голем, затоа што ние како држава тешко можеме да го издржиме тоа. Мислам дека тоа би значело преминување од вакви пасивни методи и мерки, а не вака , затоа што секој секогаш кога е ваков закон односно кога овој закон ни се нуди со измени и дополнувања секогаш е со едно исто образложение и секогаш е тој дека мерките на Владата се да се премине од пасивни во активни мерки. Значи праксата покажа дека тоа е само декларативна заложба, од тоа нема ништо и не верувам дека со овој закон нешто во тој поглед ќе се подобри. Сеуште, за жал во Агенцијата за вработување ќе имаме доста голем број на невработени, затоа што ако ги следиме сите останати законски проекти и сите оние мерки кои што Владата ги предлага и до ден денес имаме можност во Собранието да ги усвојуваме не даваат некоја перспектива, затоа што за да имаме поголема вработеност треба да имаме и поголем екоонмски развој , поголеми странски инвестиции, поголеми инвестиции во смисла на зголемување на капцитетите за вработување. Ние до ден денес тоа го немаме, ниту пак гледам некоја реална можност од она што имавме прилика да го слушниме овие денови односно минатата година, така да ништо друго нема да биде освен што со едни вакви рестриктивни мерки одредена категорија на граѓани, кои за жал не по нивна вина стануваат невработени лица ќе ја немаат можноста која до вчера ја имале,поточно да земаат паричен надоместок во онаа висина што досега ја имаа. Значи, ќе имаат намален паричен надоместок и одредена категорија веќе не ќе може ни да го оствари правото, затоа што сега се зголемува концензусот за 4 години, што не е мала работа.

Мислам дека тука ќе се постави едно реално прашање, што да правиме со таа категорија  на граѓани која не по своја вина, повторно ќе кажам,  престанок на работен однос како технолошки вишок или економски структурални промени, како што ги викаме, е заложба на оваа Влада особено во делот на државната администрација каде што треба истата таа да се намалува, што да правиме сега со онаа категорија на граѓани кои што можеби во еден висок процент, која има најмалку 15 години стаж на осигурување, а е на возраст од 55 или 56 години, што да правиме со нив. Ниту можеме, ниту постојат реални услови, ниту пак еден стопанственик би ги вработил таквите лица , ниту пак сега ќе можат да го користат правото на паричен надоместок до вработување или до пензионирање. Значи, таа категорија е најзагрозена во оваа ситуација и сега ќе се најдат токму на еден сериозен удар,

затоа што ништо друго не им преостанува да наполнат 59 години па да го остварат тоа право.

Исто така има одредба во која што се зборува дека сега паричниот надоместок кој што се исплаќа од Агенцијата нема да претставува основица за пензиско инвалидско осигурување, кое што ќе имаме прилика да го гледаме во наредниот закон, кој што е после овој.

Значи, да заклучам сметам дека овој заклучок не е добар. Мислев дека министерот за труд и социјална политика, г-динот Стевче Јакимовски, кој што доаѓа од Ресорот за економија најмалку што можеше да направи и да станеше и да образложи овде на говорницата што е она што го предлага како министер, затоа што можеби неговите видувања не се како моите, можеби се пооптимистички, меѓутоа во секој случај најмалку што требаше да направи е даде воведно излагање и да објасни на јавноста што е намерата на Владата и што со овој закон ќе се постигне, а не да се брза со овој закон, како што се имаше цел и намера на последната седница, кога немаше тука ни претставници на опозицијата , што побрзо да се изгласа. Еве и денеска продолжува тоа , сеуште не држи празничното расположение, и денеска министерот е тука присутен и не почувствува потреба да образложи. Јас сметам дека за вакви витални закони пред се јавноста, а особено онаа категорија на граѓани која што ќе биде засегната со овој закон барем треба да знаат што ги очекува. Најмалку што требаше беше министерот да даде едно образложение. Значи не треба да се брза, најнапредтреба добро да се образложи, добро да се елаборира, за да на крајот на краиштата да знаат граѓаните што ги чека со овој закон.

Значи, од сето ова што го искажав, мојот став е многу јасен , јас овој закон нема да го подржам и нема да гласам позитивно.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Г-дине Трајановски имате збор а потоа нека се подготви пратеникот Спиро Мавровски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе,

Јас би сакал да го кажам своето мислење во врска со овој закон. Имено, ќе тргнам од причините за донесување на овој закон.

Во предлогот за донесување на законот се вели дека причината е со цел да се обезбеди континуитет и навремена исплата на правата по основ на невработеност, намалување на дефицит на буџетот на Агенцијата за вработување на Република Македонија и на Буџетот на Република Македонија .

Значи овој закон е наменет пред се и над се за Владата.Значи, само за Владата. Неможејќи да најде можности или да здружи можности за граѓаните на Република Македонија што е нивно уставно право да бидат вработени, значи да изнајде начин и можности тие да се вработуваат, Владата го смалува износот на средствата кои што треба да се даваат на граѓаните кои се невработени, останале без работа не по нивна вина. Имено, јас дискутирав уште кога беше за Буџетот 2003 година, тогаш беше претседател на Собранието г-динот Никола Поповски, заедно со Буџетот за 2003 година беше и макроекономската политика на Република Македонија, која што новата Влада од 15 септември наваму ни ја предлагаше, ни ја предложи заедно со тој прв Буџет, а тоа беше за малку подолг период. Таму имаше голема дискусија токму околу начинот на кој што оваа Влада од 15 септември 2002 година наваму мислеше или имаше стратегија како да го реши невработувањето т.е. како да го намали бројот на невработени лица во Република Македонија . Таму имаше многу добри изрази, поими, еве и сега велиме и поголем број и различен вид на мерки во врска со вработувањето. Поминаа повеќе од две години бројот на невработените не се намали, туку напротив се зголемува, дури и со масовни отпуштања во овој период од две години. Значи сепак макроекономската политика на вработување остана само пишан збор на хартија. Остана нешто кое само беше желба на тогашната Влада беше многу убаво напишано, на еден висок стил, меѓутоа граѓаните на Република Македонија тоа воопшто не го почуствуваа. Значи генерално ако го гледаме овој закон ќе видиме дека е рецидивен во однос на невработените. Во глобала, во филозофијата на овој закон е на невработените да им се смалат средствата, да им се смалат можносите кои што сега ги имаат какви такви, се со цел тие да бидат возбудњен повеќе да бараат работа, да бидат поактивни на пазарот да бараат работа. Лично се прашувам со прашањето каде да бараат работа. Дали државата со условите кои што ги создава, зборуваме за оваа Влада која тргнува по тие комерцијални услови, дали создава услови за да има побарување на работна сила на пазарот на работна сила во Република Македонија . Колку фирми или петпријатија има во Република Македонија кои што побаруваат работна сила. Јас се согласувам со овој закон ваков каков што е, дури и да биде

порестриктивен, меѓутоа ако ние имаме развој на стопанството и ако има побарување на работници. Ние имаме обратен случај. Ние имаме суште масовни отпуштања , а од друга страна ги скратуваме овие права на невработените се со цел да стимулираме тие да најдат работа.

Значи, овој закон е рестриктивен за невработените а многу е полезен за Владата. Владата сега сега ќе си има една многу добра урамниловка. Ќе си ги смали средствата, во буџетот нема да издвојува повеќе средства, нема да има дефицити во Буџетот за издвојување по овој основ, а како ќе се снаоѓаат невработените тоа е нивна работа. Меѓу другото според овој Закон јас бев и технолошки вишок. Тоа се случуваше како и во многу претпријатија и фирми во Република Македонија во средината на 1990 година, бев во Металски завод, каде што голем број на високо квалификувани работници, добри работници, инжинери пред се во оваа машинска индустрија, не би рекол поради политички , поради пред се од лични причини на тогашните директори се со цел да им оди полесно приватизацијата беа избркани како технолошки вишок огромен број на квалитетни работници. Значи исто беше овој Закон, што е последен, без измените и на некој начин пак нудеше, јас бев некаде околу 14 месеци за да на пазарот на работна сила се снајдеш некако. Сега се уште полоши условите на пазарот на работна сила. А ние го смалуваме периодот на кој што на невработените ќе им пружиме можност за можат да најдат работа. И затоа сметам дека овој закон не е добар , значи во глобала и филозофија и би требало овој закон да не помине во Парламентот на Република Македонија. Значи две се измените глобални кои што се прават во овој закон.

Едната од тие измени е смалување на процентот кој што го добиваат невработените,а тоа е во постојниот Закон во член 68. Значи,надоместокот од став 1 на овој член не може да изнесува повеќе , во постојниот Закон е, од просечната месечна плата по работник во Републиката објавен за последниот месец. Значи во Предлогот на законот беше да не изнесува повеќе од просечна плата, а во Предлогот на законот е ставено да не изнесува повеќе од 65% од просечната плата. Со измената Владата, најверојатно под притисок на Синдикатот и на јавноста, а можеби сега и во пресрет на локалните избори да си го зголеми и малку така падниот рејтинг драстично, го зголеми на 80% со свој амандман. За кратко време се премислува Владата и тоа многу јасно зборува дека овој закон не е квалитетно направен. Значи, самата Влада која што го изготвува овој закон за кратко време го зголемува тој процент од 65 на 80%. Тоа е зголемување од 30% на овие 65%. Значи,

крајно несериозно се тргнува кон оваа материја. Сметам дека не се добро направени и анализите, туку дека е од политички причини.

Значи, не би требало да има овде дополнително ограничување. Ограничувањето е просечна месечна плата по работник во Република Македонија. Пред се тоа е дадено како можност, значи не повеќе, претпријатијата зависно колку издвојувале кога биле вработени тие работници кои сега не се на работа толку би требало да земаат и паричен надоместок. На овој начин не се стимулираат претпријатијата, или приватните фирми да издвојуваат за своите работници поголеми средства за да би можеле кога ќе останат без работа да примаат поголем процент. Вака, независно кој колку работел, кој колку допринесувал сите ќе имаат исто. Мислам дека се враќаме на стариот систем на урамниловка кога сите сме исто, сите исто допринесуваме, сите исто примаме плата, со што мислам дека се губи главната мотивација за натпреварување и наградување зависно од тоа кој колку допринел и колку има ефект од неговата работа. Затоа сметам дека ова треба да изнесува не повеќе од просечна месечна плата. Значи, да не се смалува тој износ, иако мора да се признае дека имаше злоупотреби, како што впрочем и во причините за донесување на овој закон една од целите е да се оневозможат одредени злоупотреби, меѓутоа за тие злоупотреби сепак има надлежни органи, не можеме ние поради тоа сите да ги казниме, мислам оние што останале без работа. Значи, злоупотребите биле во смисла на тоа што одредени фирми, барем колку што јас се сеќавам во средината на 90-тите години, или почетокот кога беа тие масовни отпуштања, особено со технолошкиот вишок, кога во последните три месеци им се зголемуваа платите на тие кои што требаше да бидат избркани од работа воглавно, но елегантно кажано технолошки вишок поради различни технолошки преструктуирања, што нема блага врска со реалноста. Мислам дека се, се работело исто како што се работи, само со многу помал број работници. Тоа го знаат граѓаните, тоа е на некој начин една голема лага. Тогаш тие фирми им ги зголемуваа платите на работниците три месеци пред да бидат испуштени, што значи добро ќе ве избркаме ние од работа, ама еве ќе ви ја зголемиме платата така да после повеќе ќе примате, или исто ќе примате и нема да бидете во фирмата. Значи, квалитетни работници се бркаа по тој основ, по тој мотив и тие преминуваа на терет на државата. Сепак, и со тоа зголемување тие не примаа многу плата, примаа пак онолку колку што примале кога биле на работа. Значи, директорите не беа воопшто

казнети, а сега ќе ги казниме работниците, иако тие си станаа големи газди, па сега можат со овој закон полесно да отпуштаат, да бркаат и слично.

Мислам дека е многу лошо насочена цела оваа материја. Наместо да се контролираат, да се ограничуваат тие кои имаат моќ, се контролираат и се ограничуваат они кои на некој начин примаат и социјална помош. Тоа е од аспект на процентот.

Од аспект на условите под кои ќе се прима овој паричен надоместок, значи од аспект на временската компонента, ставено е во член 71. Значи во постојниот закон ние имаме 6 можности. Сега тие се смалени на 5 можности. Најголемата можност во постојниот закон е, тие кои ќе останат без работа 14 месеци да примаат плата, ако имаат над 15 години стаж на осигурување, додека во постојниот закон вели 12 месеци ако имаат над 15 години стаж на осигурување. И назад сите термини на времетраење се смалени. Сметам дека тоа не е добро. Не е добро бидејќи, тие кои остануваат без работа не по нивна вина туку поради различни основи, особено ние кога сме сега во оваа наша транзиција, значи преструктуирање на стопанството, или многу често тоа се вика грабеж, бидејќи одредени раководни лица стануваат големи газди на општествен имот, мислам со никакво оправдување. Барем да им се пружи можност на тие кои остануваат без работа, да им се даде еден период, еве два месеци смалуваме. Сега, многу е смешна дури и сумата која се заштедува, доколку овој закон се усвои денес. Два месеци ќе биде помалку на товар на бирото и државата ќе има многу голема корист од тоа, голема заштеда, наместо со тие два месеци да му се пружи можност да најде ново вработување, или да основа фирма, или да најде вработување во некоја од постојните фирми, некој свој бизнис да отвори и слично. Јас сум го почувствувал тоа на својата кожа, како и илјадници испуштени од работа, во времето на тарнзицијата. Можеби е нормално, меѓутоа државата треба да создаде услови, тие луѓе во тој преоден период, особено луѓе кои имаат над 15 години стаж, вие сега ги бркате на улица и не им давата можност да се прилагодат, дополнително. Дури државата треба да даде и дополнителни средства за да можат овие луѓе да отворат свои бизниси. Ние вака им го смалуваме и она најелементарното што можеби е потребно за неговата фамилија само да егзистира, а не и да инвестира во некој бизнис, или некоја работа за да може потрајно да го реши својот проблем. Тоа се во глобала тие две измени. И онаа третата што заборавив да ја кажам, што се смалува периодот при крајот на работниот век на работниците. Сега се заменува со еден поим - најмногу до пет години пред

исполнување на услови до стекнување на право на старосна пензија. Практично тука и за мажите и за жените се смалува за две три години. Досега ако имале по 7 - 8 години пред стекнувањето на првото на пензија, сега им се смалува до 5. И тоа е пак тоа ситно. Мислам дека не е голема заштеда за државата, меѓутоа големи се траумите за луѓето. Значи, луѓето кои 35 години работеле и издвојувале, или требало да се издвојува од нивниот труд за да би можеле при крајот на работниот век, или кога ќе му заврши работниот век да има помирен живот, ние практично при крајот на работниот век, после 34 или 35 години работен стаж, правиме трауматизирани вработени луѓе. Мислам дека е крајно и нехумано. Значи ние тргнуваме од едно чисто пазарно стопанство. Владата овде се однесува како да е менаџер, заборава дека таа произлегува од граѓаните. Во ред се вакви закони, меѓутоа, дај да видиме кои се можностите, кои се проекциите за понуда на нови работни места, на пазарот на работни места. Тука треба да биде тој сооднос.

И она што сакам да го кажам на крајот, каде се вели - се предлага со цел да се обезбеди континуитет и на време исплата на правата по основ на невработеност. Тоа многу јасно зборува дека оваа Влада не планира да го реши проблемот на невработеноста. Доколку планирше немше да го донесе овој закон, зошто ќе сметаше дека кратко ќе биде ова со постојниот закон што многу средства, наводно, троши од буџетот, бидејќи за следна година ќе има поголем број на вработувања. Вака, смалувајќи го издатокот или финансирањето на овие невработени, практично се планира и понатаму да си остане овој процент или висок број на невработени, приближно 400 илјади, во Република Македонија, бидејќи сега во Буџетот ќе нема да си обноват средства. Мислам дека, сепак, граѓаните на Република Македонија, особено невработените не ќе можат да го издржат. Мислам дека ќе настане една социјална, да не речам револуција, туку едно социјално негодување од луѓето, по се ова што се прави. Значи се се удира по социјалните мерки. Така што, сметам дека овој закон не е добар, ги тера граѓаните на тоа кој може да преживее во Република Македонија со смалувањето на инфузијата што им се дава и на некој начин животот во Република Македонија го прави уште потежок отколку што е сега.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам,

Ќе почнеме со прва реплика во новата година.

Поелете госпоѓа Гашовска, имате три минути реплика.

ЦВЕТАНКА ГАШОВСКА:

Колегата Коце рече дека овој закон за Владата. Не ми е баш јасно како Владата да си наменила ваков закон, па би сакала едно дообјаснување.

Јас ќе кажам дека законот е наменет токму за оние кои остнуваат без работа не по нивна вина, или работни места ослободуваат работници со 59 односно 57 години работен стаж, а ги ослободуваат токму за оние помладите.

Работниците излегуваат од работа колега Коце по сопствено видување и желба, никој не ги брка од работа со сила, или заради стечај, а во тој случај сите услови важат за вработените кои одат под стечај. Зависи како се гледа на овој закон, од која страна или од кој агол. Коментарите се следни, граѓаните едвај чекаат овој закон да влезе во сила, односно го посакуваат заради остварување на нивните права.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Трајановски, имате една минута контрареплика.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам, претседателе,

Верувајте, не знаев дали да дадам реплика, но мојата ценета колешка како да не живее во реалноста во Република Македонија, се извинувам што овој збор го употребувам. Рече дека вработените излегуваат од работа по сопствена желба или во случај на стечај. Кој денес ќе излезе по сопствена желба од работа. Јас дискутирав за вработени под технолошки вишок што беа во средината на 1990-тите години и што продолжува овој процес. Практично овој закон не е нов закон, туку има некои одредби кои сега се смалуваат. Значи, се смалуваат погодностите. Ако било 14 месеци сега е 12. Кој од тие невработени ќе бара место 14 да му биде 12 месеци. Наместо да биде просечна плата, да биде 65% или 80%.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете господине Мавровски, а потоа нека се подготви пратеникот Љупчо Мешков.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам, господине пртседателе, почитувани министри, почитувани колеги.

Говориме дека основните параметри на овој закон се заштеда и тоа во Буџетот на Република Македонија. Бројката што ја кажувате е некаде 24.560.000 денари, или од прилика 400 илјади евра. Дали во овие и вакви услови државата не најде друго место каде може да ги заштеди овие 400 илјади евра, или пак сето тоа треба да го прераспореди во останатите категории кои треба да преживуваат со 1200 или 2000 денари месечно, кога од тие пари незнам што може да си обезбедат за себе.

За да се одлучиме за поддршка на овој Предлог-закон, вие доставувате образложение и ги објаснувате основните решенија во Законот. Но, дали овие два дела ги работат различни луѓе, па имате презентирано различни податоци, а истото се случува и со Законот каде во член 5, поради техничка грешка, барем така најавувате, амандмански интервениравте во став 1, алинеја 2, што за мене е нормално затоа што месеците кои ги прикажувавте беа тотално погрешни, во однос на временскиот рок.

Во образложението, кажувате дека користење на краткорочни корисници изнесува 10,4 месеци, а оние кои користат долгорочни плаќања изнесувааст од прилика 7,4 години. Но, во основните решенија на законот времето вие го намалувате на некои 8,6 месеци па сега незнам што од овие две бројки е точната бројка, за да можам да се определам. Значи, или првиот или вториот пат имте грешка. Без разлик на ова мислам дека и двете ситуации носат многу поразлични бројки од оние што сакате да ги презентирате на крајот.

За што се работи со овој закон. Се работи за и натаму кратење правата на оние кои останале без работа, а визија или надеж за нивно вработување нема на нишан, за жал. Останува, оние кои како вработени сега добиваат по 4 или 5 илјади денари кога газдите ќе ги отпуштат од работа да добиваат поддршка од 2000 денари, ако е тоа 50%, значи краткорочно, или долгорочно 40%, или 1600 денари од овие средства, со што од социјална држава, како што сакаме да се декларираме, стануваме социјален случај, или држава во стечај.

Со овој закон се опфаќаат 46.299 невработени кои примаат ваква помош, или тоа е само 11, 9% од квупно невработените лица. Од овие 46.299 невработени, за жал цели 84% или 38.892 невработени се краткорочни корисници, а пак од нив дури 96% или 37.336 невработени се под протсекот од 8.100 денари, што претставува 65% од просечната плата во Република Македонија, а само 4%, или 1456 се над овој просек. И со овој закон се намалува просечно за 2000 денари. Кога тоа го

помножиме со 8,6 месеци, се добива бројка од 25.043.000 денари, или тоа изнесува некаде околу 407.200 евра.

Бројот на оние кои примаат долгорочна помош е само 16%, или 7.407 невработени и износот кај нив е 88%, примаат помалку од 8100 денари, што како што кажувате е 65% од просечната плата во Република Македонија.Бројката од 12% што се над оваа сума од 8100 е околу 889 лица, со паричен просечен приход од 9.932 денари, и овој износ ќе се намали за 1832 денари, кај овие лица за 12 месеци, а тоа би изнесувало 19.543.000 или 317.000 евра. Или вкупната заштеда би била 724.990 евра, или 44.586.000. Значи во овие бројки кои ги доставувате до нас пратениците, ако се такви какви што ни ги презентиравте, не се точни и изнесуваат, како што ги презентирав сега пред вас, според бројките што вие ги давате, значи не е 24.560.000, или 400 илјади туку 44.724.000. Што е уште пострашно за обезбедување на овие средства се потребни 20% од придонесот за вработување кој го плаќаат сите вработени. Но, целта на овие плаќања, за вработување е тотално промашена и со овие пари до сега не е отворено ниедно работно место, а 80% од Буџетот, значи повторно од граѓаните на Република Македонија, ги обезбедуваат останатите средства.

Што со другите членови од законот кои исто така се рестриктивни во однос на оваа категорија на невработеност.

Во членот 3 од новиот закон се додава нов став кој кажува дека за остварување право на паричен надоместок, како време поминато во работен однос, не се смета времето за кое невработеносто лице примало паричен надоместок. Значи од една страна избркан, па уште тоа време не може да се смета во времето за примање на паричен надоместок и сето тоа понатаму, со другите членови кажувате колку пореспективни мерки ќе бидат преземени.

Членот 4 го менува  членот 68 и се кажува дека членот 68, надоместокот од став 1 на овој член  не може да изнесува повеќе од просечната нето плата по работник, во Републиката, објавена за последниот месец. Сега вие тука додавате, не од просечната, туку 65% од просечната месечна плата. Значи уште една рестрикција. Од кога просечната плата стана луксузна катгорија, или пак нешто како есктра примање, па сега и таа да биде скоро преполовена, т.е. да биде 2/3 од оваа просечна плата. Колку се давачките, можеби и сами знаете, бидејќи дома плаќате сметки за струја, за телефон, за вода, за комуналии, кои изнесуваат многу повеќе од овие прикажани 8 илјади денари. За останатите категории што примале 4 илјади,

или 5 илјади денари, не кажувате ништо. Што ќе прават тие луѓе со 50% од тоа или со 2 или 2500 денари, или пак оние кои долгорочно ќе примаат 40% со 1600 денари и 2000 денари, како ќе преживеат. Треба да бидат магионичари, или како што пред некој ден јавно изјави еден граѓанин на МРТВ - ќе почнам да крадам и тоа леб и храна од оние што имаат за да преживеам. Дали до тука стигнавме и дали овие мерки и понатаму ќе продолжат во тој правец. Дали државата не е моќна да напрви нешто.

Во вашата програма, господа, 2002 година, цело време говоревте за борба против сиромаштијата, дека имало повеќе од 450 илјади сиромашни луѓе, а вака, после овие 2,5 години ваше владеење, таа бројка се искачи на 600 илјади, кои едвај преживуваат. Овие луѓе бараат работа, не бараат милостиња од државата, а вие ветивте вработување на 200 илјади луѓе. Но, наместо тоа во овие 2,5 години, бројот на невработените го зголемивте од 360 на 400 илјади луѓе.

Членот 5 кој го менува членот 71, кажува за нешто што уште порестриктивно се настапува кон невработените, тоа што го говореа и моите колеги претходно. Значи, оние кои имаат 5 до 10 години стаж на осигурување, наместо тоа што го примаа досега, осум месеци, овој надоместок се скратува на 6 месеци. Од 10 до 15 години, од 11 се смалува на 8 месеци, и тие што се над 15 години стаж, од 14 се скратува на 12 месеци.

Сега пред малку слушнав еден коментар дека граѓаните одвај го чекаат овој закон да дојде за да можат сите овие солуции кои ќе ги донесе Владата, да ги прифатат и мислат дека со ова, со нивното скратување, тие ќе бидат многу позадоволни. Мислам дека се заборава на нешто што цело време го говоревме и мислевме дека ќе ја решиме социјалната положба на нашите вработени кои беа отпуштени, не по нивна вина, од работа. Целта беше да се исплати отпремнина и плаќање на париучен надоместок за овие лица да можат да ги прифатат ваквите солуции, после тоа да може да отворат некој свој бизнис и така да не бидат на товар на државата, а од друга страна после некое време, како даночни обврзници, ќе почнат да го полнат буџетот на Република Македонија, наместо да бидат товар на истиот. Но, со овие парични средства и без отпремнини, или тие отпремнини не само што ќе бидат товар на буџетот, туку имаат проблем, и со егзистенционалниот опстанок. Значи правиме нешто што се граничи со злосторството, затоа што и оние што работат стануваат социјални случаи, а да не говориме за оние кои не работат. Со 4-5 илјади плата денес, вие сте социјален случај во с тарт и незнам како ќе

можете да преживееете. Сега ја менувате и границата, и ставот 3 со што границата се менува.

Тоа стоеше во членот 71: “на невработеното лице кое има над 55 години возраст и најмалку 15 години стаж на осигурување, паричниот надоместок му се исплатува до неговото вработување, односно до настапувањето на некои од основите за престанок на правото на паричен надоместок”. Вие и ова сега го менувате, значи на невработено лице кое има над 15 години стаж, а на кое му недостасуваат најмногу до пет години пред исполнување на услови за стекнување право на старосна пензија паричен надоместок му се исплатува до неговото вработување. Значи, овој период е подигнат на 57 години кај жените и 59 години кај мажите, за да може да го искористат ова право. Уште еднаш неправда во однос на сите што претходно го искористиле ова право, така што во една држава каде има огромен број млади невработени со високо, више и средно образование останувaат само нивните години да се зголемуваат, а после како постари, но не би рекол и поискускни затоа што не ќе имаат ни ден работен стаж да бидат вработени. Истото ова го применувате и во членот 8 или 78 од стариот Закон.

Интересен е членот 7, кој менува еден збор од членот 77 став 1 алинеја 7, зборот “оспособување” се брише. Колку вакви дипломи имаат од Заводот за вработување многу луѓе кои очекуваат вработување, но сеуште се дома затоа што тоа било тогаш за тогаш, од 300 се вработиле можеби 30, па и тие сега не се на работа, па нов курс, нова диплома и кругот нема крај, се додека не ви кажат дека сте стар за било што понатаму. Се бира најлошиот удар по оние што навистина немаат.

Понатаму, говорите дека во последно време има случаи каде за технолошки вишок се прогласуваат и високостручни, висококвалификувани и квалификувани работници со поголем број и повисок износ на испратнини и со повисоки плати или зголемени износи на плати, особено за периодот кој се зема за основица за пресметување на паричниот надоместок, заради определување на повисок износ на паричен надоместок и повисок износ за плаќање на придонеси. Значи повторно истото, но сега објаснето дека со овој закон ќе ги заштитиме невработените и оние вработени кои се на работа, што апсолутно не го гледам како мерка. Со ова ако сакаме да направиме урамниловка и оној што работел во некоја установа 30-35 години и дал свој придонес и на крајот треба да замине и да ги има овие 65% од средствата од просечната плата, тогаш апсолутно се губи секакво право на пензиско

осигурување и овие средства што денес и години наназад се држат од луѓето кои утре ќе бидат прогласени за технолошки вишок.

Од друга страна, би ја апелирал до министерот и воопшто, до донесувањето на овој закон, да се внимава на членот 10 став 2 и доследно да се постапува по истиот, затоа што во моментот голем број на вработени единствениот начин да опстанат и да имаат можност да опстанат, започнале постапка за одење во пензија, затоа што луѓето едноставно не веруваат во ова што го гледаат како закон и затоа нивниот страв од наредните мерки е оправдан, затоа што сите законски проекти се поригорозни и скратуваат права на оние што се без работа и оние што очекуваат работа. Значи членот 10, ставот 2 каде што се вели: “поднесените барања за остварување на правата од осигурување во случај на невработеност ќе се решат според законот кој важел во моментот на започнување на постапката”, ќе треба да се придржува и министерот и сите ние, затоа што со сите закони, и ова што вие го кажувате како закон а не како времена мерка, апсолутно не гледам начин на кој понатаму овие луѓе, а и сите ние ќе можеме да се израдуваме на нови работни места, на нешто што ќе значи напредок за Република Македонија.

Затоа, овој закон е строго рестриктивен и против оние што навистина немаат и се доведени на работ на егзистенцијален опстанок, па јас како пратеник ќе гласам против.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓо Гашоска, имате три минути за реплика.

ЦВЕТАНКА ГАШОСКА:

Колега Мавровски, за популизам и саморекламирање издвојувате само по некој член или некоја точка од законот и ја коментирате. Законот не е член или точка, законот е целина што регулира суптилна материја и сметам дека добро ја регулира.

Постојано зборувате за надоместок од 65%, а не за 80%, како што предлага Владата со поднесениот амандман. Значи не се 65% туку 80% од просечната плата што не е мала бројка.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Мавровски, една минута контра реплика.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Јас, госпоѓо, колку што читам овде и секаде стои 65%, а наредниот закон мислам дека е нешто друго. Тие 80% се во наредниот закон и повторно се едно извинување и едно промашување од Владата, после две недели го менува ставот, го менува членот, а со тоа се менува цел закон. Вие објаснете им на граѓаните дали за наредните две недели нема да добиеме ново решение за 50% или за 120%. Мислам дека тоа е несериозно од страна на Владата, само за две недели откако ги добивме. За наредниот закон повторно имам коментар во кој кажувате за овие 80%. Се што гледам, апсолутно сите членови ги коментирав и сите членови се рестриктивни, така што тука не говорам за еден член туку говорам комплетно за целиот закон како целина дека е тотално рестриктивен и затоа ќе гласам против.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете господине Мешков, а потоа нека се подготви господинот Ефтим Манев.

ЉУПЧО МЕШКОВ:

Веднаш на почетокот да кажам дека овој закон навистина барем јас не го прифаќам како реформски закон, иако предлагачот на законот во образложението срамежливо се обидува да каже дека една од неговите цели е токму да направи одредени реформи, туку го доживувам пред се како чисто рестриктивен закон и тоа порестриктивен од рестриктивното кое веќе постои во постојниот Закон кој е предмет на измена.

Зошто го велам ова?

Прво, сакам да кажам дека со овој закон се прави тројна рестрикција, односно три рестрикции. Првата рестрикција е во поглед на висината на паричниот надоместок, што се намалува од 100% од просечната плата сега со амандманот на Владата на 80%; второ, условите под кои се здобива правото односно периодот за трјано да го користи правото на надоместок и старосната граница и трето, пензиската основа е порестриктивна во Законот за пензиско и инвалидско осигурување, што е наредната точка, што исто така ќе значи рестрикција за луѓето што ќе одат во пензија и на кои во пензиска основа треба да им биде пресметан и периодот во кој биле невработени. Затоа велам дека е пред се рестриктивен, меѓутоа, се разбира и многу непопуларен, затоа што овој закон пред се задира во онаа категорија граѓани на Република Македонија на кои треба државата пред се да им обезбедува минимална материјална и социјална егзистенција за времето додека

тие се надвор од работа. Секако, прашањето е многу сериозно, сериозно и од аспект што самиот Буџет ако го видите ќе видите дека 1/3 од буџетските средства одат на социјални трансфери. Значи, прашањето е сериозно, но јас не гледам ниедна оправдана причина зошто заштедата на финансиски средства треба да оди на грбот на оние кои се жртви на транзиционите процеси во Република Македонија, во многу голем број случаи останале без нивна вина без своите работни места и ако е целта, како што вели предлагачот дека е една од целите да се направи заштеда во буџетските средства и во средствата на Агенцијата за вработување, мислам дека сеуште не се создадени економски и други услови во нашата држава за да можеме да одиме со рестрикција на овие социјални права. Се разбира дека во западните демократии имаме такви рестрикции, но таму прво ви нудат работа, па ако не ја прифатите се врши рестрикција на социјално право или правото на надоместок, како таму се вика  во соодветните закони. Значи кај нас мислам дека сеуште не се созреани условите, немаме толку предуслови за вработување за да можеме да зборуваме за рестрикција на овие права. Ако правото на вработување се решаваше со ослободување на работни места, ние за два дена ќе го решевме вработувањето во Република Македонија, бидејќи ако има 400 илјади невработени,  400 илјади слободни работни места, може одеднаш да ги пополниме и да го решиме вработувањето. Вработувањето се решава со материјални средства за создавање услови за вработување,  со проширување на материјалната основа  со потребата од нова работна сила, а не  со тоа што ќе донесеме закон, како што некој вели, се ослободуваат работни места кои можат на многу поедноставен начин да бидат пополнети со нови работници.

Она што мене ме буни и не ми е јасно е која е суштинската цел на предлагачот на законот и што сака да постигне со овој закон. Јас навистина не гледам некоја голема цел и ако го земеме сега амандманот на Владата каде што прифаќа паричниот надомест да биде наместо 65  %  како што стои во законот што се предлага и она што е во амандманот 80% заштедата на парични средства се сведува  - сега јас точно не сум пресметал, но ако била 400 илјади евра, сега нека бидат 250 или 230 илади евра, но колку е точно не е кажано. Меѓутоа јас не знам дали со тие пари, ако е целта со тие пари да се заживува или да се подобруваат условите на пазарот на трудот, дали може со така скромни финансиски средства и тоа земени токму од онаа категорија на која најмногу и се потребни, дали можеме во такви услови да зборуваме дека еве создаваме материјални услови за да може на

пазарот на трудот да ги подобриме условите и за да обезбедиме поголемо вработување. Се разбира, за сите реформи и за секој реформски зафат потребни се и материјални средства, но како што реков на почетокот, во овој момент јас мислам дека не сме подготвени да можеме на оваа категорија луѓе да им ги намалуваме правата и да вршиме рестрикција на и онака ниските примања кои тие ги имаат.

Второ, многу луѓе сега ќе се најдат навистина во незавидна положба. Имено, со измена на членот 71 став 3, каде условот за трајно користење на правото на надоместок до вработување со 55 години старост сега се променува со “пет години пред исполнување на условите” ќе се најдат многу луѓе во ситуација како технолошки вишок да не се во оваа старосна граница, па според членот 71 став 1 ќе користат најмногу една година и ќе дојде вакум од една, две или три години каде што тие нема да бидат под никаква заштита, ниту ќе примаат паричен надоместок, ниту ќе бидат опфатени со условите за остварување на правото на пензија. Нешто слично како и со изменувањето на Законот за пензиско и инвалидско осигурување со заострување на условите, каде луѓето во еден период кога ќе наполнат 35 или 40 години стаж а немаат старосна граница исто така ќе мора да чекаат без остварено право. Значи создаваме одредени проблематични односно вакум периоди во кои луѓето се оставаат без никаква заштита.

Исто така, од нормативен аспект гледано предлагачот можел ако сакал да направи ограничување да ја ограничи основицата под која се одредува надоместокот, а не надоместокот, што во финансиски ефект би било исто, но би ја избегнале измената на Законот за пензиско и инвалидско осигурување, односно не би имало потреба од таква измена затоа што таму има одредба според која вели дека за основица во пензиската основа се земаат платите, се зема основицата од која е одреден надоместокот за време на привремена спреченост за работа. Значи, со еден таков потег би се избегнала и измената на Законот за пензиско и инвалидско осигурување, а ако сака таков ефект да направи, ефектот би бил потполно ист. Но сепак, тоа е некоја нормативна техника која не ја прифаќа предлагачот на законот.

Сакам да кажам дека нема некој голем ефект од донесувањето на овој закон, освен што на оние на кои најмногу им е потребна помошта ќе биде таа помош уште помала, а и сега мислам и тврдам дека реформски закон не е овој, затоа што реформите се прават на друг начин, а со оваа заштеда на парични средства, како што беше случај и со реформите во судството со 150 или 200 илјади евра да се

прават реформи во такви области, мислам дека е невозможно и дека тоа нема да даде некои поголеми ефекти, туку ќе создаде само незадоволство кај категоријата на граѓани кои без своја вина се жртви на транзиционите процеси и останале без егзистенција, односно без своето работно место.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете господине Манев, вие сте на ред, а потоа нека се подготви господинот Драго Шајноски.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министре,

Во однос на Предлогот за донесување на закон, со Предлог на закон за вработување и осигурување во случај на невработеност би сакал да го кажам следното.

Ги поддржувам дискусиите на сите досегашни дискутанти кои се изјаснија дека овој закон не е добар закон, дека е рестриктивен и истото би го кажал и јас. Имено, овој закон е и те како лош закон за Република Македонија при еден голем број на невработени граѓани, а исто така во една таква бројка која наидува или секојдневно се случува отпуштање на одреден број работници, таквите работници да имаат се поскратени права од правото на работа.

Уставна одредба е дека секој човек има право на работа и да ги користи правата од работа каде што работел одредено време. Предлагачот ги намалува таквите права, при што укажува дека не можеме да ги оствариме нашите желби и ветувања дадени во предизборниот период и секојдневно кога ветуваме дека ќе има поголем број вработување и статусот на граѓаните што не се вработени ќе биде поинаков. За жал, такво нешто не се гледа.

Сметам дека оваа рестрикција која што се прави, која е наведена дека ќе се заштедат околу 20 милиони денари е срамно да се бара од луѓето кои го изгубиле статусот на работник. Тоа може да се најде било каде во друг дел, а не таму, во најлошиот дел.

Исто така, би сакал да укажам дека овој закон е спротивен на европското законодавство, а ние секојдневно зборуваме дека сакаме да одиме во таа Европа, бараме влегување во ЕУ. Да видиме какви се законите од правото на работа во таа ЕУ и дали тие се такви. Ние зборуваме дека уште ова треба да го направиме и да

бидеме во Европа, но напротив, Европа ќе ни каже на нас нешто поинаку. Ова се дневни решенија, моментални, но веројатно после шест месеци или на есен, дали овој или друг министер ќе се обиде да го измени законот, затоа што во Европа тоа е нешто поинаку во однос на работникот, вработувањата и правата од работа. Не може ако некој работник имал работен стаж од две години или помалку од две години да кажеме дека ќе има осигурителни права три месеци, четири месеци или најмногу 12 месеци. Тоа во Европа е поинаку напишано и кажано. Во Европа работникот е осигуран, и така стои во името на законот, кога тој е невработен да е осигуран со некакви примања до негово вработување.

Затоа, и на претходниот министер на седницата на Комисијата му предложив, а сега и на новиот министер кој е на оваа функција, овој закон да го повлече веднаш и да го усогласи со европското законодавство. Не може да продаваме демагогија дека доколку ќе имаат помалку права лицата кои ја изгубиле работата, ако има помал период на парични примања во тоа време дека тој ќе бара работа.

Тие и те како бараат работа. Нека го посочи Агенцијата за вработување кое е тоа лице што не прифатило работа и на тоа лице нека му се укинат таквите права. А овде со ова што се прави? Бил на работа, ја изгубил работата од некои причини, прима некакво парично осигурување три месеци, пет месеци, до една година и понатаму нема. Ниту е вработен, ниту ги има тие права. Која е таа логика на овој закон дека тој има осигурување. Нека стои во законот дека има времено осигурување. Јас на Законодавно-правната комисија го зборував тоа, тоа е времено три месеци, пет месеци, до една година. Или, ако ги земеме работниците кои дошле под удар на стечај и ликвидација на претпријатие, а имаат 55 години, кој е тој работник што после 55 години ќе најде така лесно работа? А сега го носиме тоа уште подалеку на 59 години. За тие луѓе нема никогаш работа. Грешно е да ги лажеме, грешиме со нив, а исто така и од оној број на невработени такви лица кои ги има можеби преку 150 илјади кои што ја минуваат таа старост, никогаш работа за тие луѓе. Мора да бидеме поотворени, појасни и треба да обезбедуваме средства за таквата категорија на луѓе за нивна егзистенција.

Затоа, уште еднаш би сакал да укажам на министерот, да го повлече овој закон, да го преработи, бидејќи тој не учествувал во неговото подготвување и да пушти поинаков закон кој ќе биде во склад со европското законодавство и ќе биде во интерес на граѓаните на Република Македонија и да носиме закони кои што ќе бидат во интерес на граѓаните, а не како што кажаа некои дискутанти во интерес на

Владата да се ослободи од некои парични средства што треба да се обезбедуваат. Мора да се обезбедуваат такви парични средства.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор Драго Шајноски.

ДРАГО ШАЈНОСКИ:

Досегашните дискутанти дадоа многу детална анализа и критика на овој закон. Затоа, за да не се повторувам во дискусијава јас ќе дадам мои видувања за глобалните цели на оваа власт во кои се вклопува и овој закон.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Можете обратно, за глобалните цели на овој закон во кои што се вклопува и власта.

ДРАГО ШАЈНОСКИ:

Може и така. Главно е да се разбереме. Оваа дискусија воедно може да се третира и како моја кратка социолошко-психолошка анализа на ситуацијата во земјава под оваа власт. Веќе две и пол години оваа несреќна и однадвор изнудена комбинација од партии на власт го угнетува и тормози својот народ, се разбира независно од ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Шајноски, ќе бидам приморан да ве прекинам. Ве опоменувам, зборувајте за законот.

ДРАГО ШАЈНОСКИ:

Морам да кажам како овој закон се вклопува во една цел на власта.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам, зборувајте за законот. Имате прва опомена.

ДРАГО ШАЈНОСКИ:

Јас морам да го образложам својот став. Веќе две и пол години оваа несреќна и однадвор изнудена комбинација од партии на власт го угнетува и тормози својот народ се разбира независно од неговата етничка, верска, или партиска припадност, како што милува да каже. Веднаш после 15 септември 2002 година овоие властодржци започнаа со силеџиски и перверзни, но пресметани акции чија цел не беше вистински напредок на општеството, туку да го заплаши народот и да го принуди на покорност, послушност и верба во единственоста на патот по кој власта го води, дури и во ситуација кога ветената година на економскиот бум 2004 година претрпе пораст, а предизборните ветувања претрпеа катаклизма од рангот

на цунамите. Како поткрепа на ова ќе набројам само некои акции на оваа Влада. Најпрво власта им ги поништи договорите за станови на социјалциате.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Шајноски, втора опомена. Третиот пат ќе ве исклучам.

ДРАГО ШАЈНОСКИ:

Јас сакам да бидам комплетен. Морам да кажам во кој контекст ја ставам мојата дискусија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Вие можете да почнете и од космолошките проблеми што постојат, па да ја ставите вашата дискусија во тој контекст. Ве молам, за законот.

ДРАГО ШАЈНОСКИ:

Ама тоа е целта на Парламентот да кажеме нешто што е вистина.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам, по трети пат ќе ве исклучам.

Процедурално има господинот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе,

Сметам дека на пратеникот треба да му дозволите, или на пратениците во својот говор да ја искажат суштината практично, додека дојдат до суштината тие имаат вовед на некој начин. Значи, сепак, и тие социјални станови се дел од оваа социјална криза која што е во Република Македонија и оваа невработеност практично пратеникот сака да ја стави во таа функција. И затоа не можете вие да им упаѓата во говорите на пратениците и да го усмерите говорот онака како што вие сметате дека треба да биде. Ако излезе надвор од темата, можете.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Немојте под вовед се да подразбирам. Јас две минути дадов за вовед и реков, втор пат ве опоменувам. Нека зборува уште две минути, ако е воведот уште две минути, јас го прекинувам по трет пат.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Претседателе, никаде не пишува во Деловникот дека воведот е две минути.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас оценувам. Бидејќи воведот е надвор од темата на расправата.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Не е надвор од темата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Воведот може да биде и два часа.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Ние не сме роботи овде па да размислуваме роботски.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Завршена е расправата.

Повелете господине Шајноски, трети пат, ќе ве исклучам.

ДРАГО ШАЈНОСКИ:

Значи, во одбрана на мојата теза сакав да набројам повеќе закони кои што оваа власт ги донела и во тој правец да го спомнам и овој закон. Имав наведено и некои други работи, но бидејќи претседателот не дозволува, ќе останат за друг пат.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Имате можност дискусијата да ја продолжите, ќе ја имате на веб страницата на интернет.

ДРАГО ШАЈНОСКИ:

Само ми ја ускративте целината на дискусијата. Целава дискусија претседателе не трае повеќе од  седум минути.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не е проблем за должината, проблем е за принципот. Ние треба да зборуваме за темата.

ДРАГО ШАЈНОСКИ:

Досега ќе прочитав се што имам напишано.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Пак не се разбираме.

ДРАГО ШАЈНОСКИ:

И овој закон што е на дневен ред денес власта го носи како дел од една таква стратегија на заплашување на народот и истовремено демонстрирање на сила. Нејзе најмалку и е важно дали ќе има крајни позитивни ефекти од овој закон. Ако и беше важно тоа, таа и детално ќе го образложеше истото пред народот како што доликува за еден реформски закон. Таа не става на вага што се добива, а што се губи со овој закон, туку нејзе и е битен ефектот да покаже сила и да го заплаши народот правејќи го се посиромав и позависен од неа.

Од социолошки аспект ваквите општества немаат иднина, бидејќи не може да се замисли напредно општество со несреќни луѓе. Тоа е една целина, тоа е едно те исто, среќни луѓе, напредно општество и обратно. Од психолошки аспект вакви празни потези без конкретна корист за народот, а со смислена цел за власта преземаат само недоразнати власти, власти кои не се кадри да направат нешто смислено, но корисно за општеството и за тоа однапред да го известат народот, да го предупредат на тешкотиите што ќе се појават при спроведувањето на актот, да известат за мерки што ќе се преземат за надминување или ублажување на евентуалните тешкотии, да дадат термин, план за отпочнување и завршување на сите фази од проектот и да кажат кои ќе бидат користите од тие превземања. Тоа е реформски закон. Власта што работи по овој принцип заслужува да се следи и почитува, а уште повеќе ако и самата замине, ако не успее во тоа што го смислила и јавно ветила. Тоа е власт на знаење и умеење. А оваа власт не само што е самобендисана и нестручна, туку нема ниту минимум чувство за одговорност. Наместо да носи закони со кои што ќе го штити граѓанинот од тортурата на државата, таа носи закони со кои уште повеќе ги тормози, како што е и овој закон.

Сметам дека овој закон е еден од многуте што оваа власт го предлага, а мнозинството овде ги прифаќа што ќе придонесе да се зголеми оваа тортура. Ако сте сериозни и знаете што сакате, кажете што со луѓето што ќе бидат засегнати од неговото усвојување, колку се тие луѓе, зошто мора да се донесе овој закон и кои се ефектите од тоа. Дали државата обезбедила алтернатива за овие луѓе, алтернатива независна од власта. Само за вака конципиран како што велите реформски закон, јас би гласал. За вака сувопарно конципиран закон нема да гласам. Новата 2005 година се раѓаше во маки, сиромаштија, но и надеж во новата Влада, надеж дека државата во Новата Година ќе обезбеди не само опстанок на човекот, туку и негов среќен живот, но на секој човек. А вие денес сакате да ги унесреќите и да им ги рушите надежите на илјадници луѓе чии работни места висат, нови не можат да најдат, бидејќи нема, а помлади не можат да се сторат. Што да прават тие луѓе. Прво, тоа треба да го кажете, па потоа заедно може да го донесеме овој закон.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Шајноски за да бидете јасен, јас уште еднаш заради гледачите кои што не гледаат ќе го прочитам името на законот, бидејќи оваа ваша дискусија за секој друг закон може да биде употребена. Значи, за оние кои што се уклучиле подоцна, станува збор за Предлог за донесување на закон за изменување и

дополнување на законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, со Предлог на закон.

Има збор госпоѓа Наташа Биковска.

НАТАША БИКОВСКА:

Благодарам претседателе.

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Влада, почитувани колеги пратеници,

Сепак, сметам дека имаме доволно причини, а и граѓаните тоа го заслужуваат во Новата година да стратуваме со дискусии во кои што сепак има доволна доза на ведрина и оптимизам. Иако Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност,  на прв поглед се рестриктивни, сепак ќе им ја изразам мојата поддршка во смисла на чекорите и мерките што ги превзема Владата на Република Македонија за реформа на пазарот на трудот. Имено, иако е мошне тешко стекнатото право да се ограничи, намали, или укине, сепак треба реално да им погледнеме на фактите во очи и да си признаеме дека мора да реформираме одредени сегменти во општественото живеење, побрзо да ги трансформираме согласно реалните состојби, потребите на државата и на граѓаните. Реално овој чекор е ризик. Но, сепак свесни сме за ризикот. А во функција на утврдената макроекономска политика и намалување на буџетскиот дефицит тој ризик мислам дека мора да го превземеме. Потребен ни е нов импулс во политиката на вработувањето, односно нови ограничувања во функција на санација на злоупотребите на примена на законот, особено во врска со отказот на работниците по основ на економски, технолошки, структурални и слични промени т.н. технолошки вишок. Тука се среќаваме со разни девијации и злоупотреби на законот во функција на зголемување на основицата за пресметка и исплата на плата во пресметковниот период потребен согласно член 71 од Законот за остварување на правото на паричен надоместок по основ на невработеност. Со ова Буџетот на Република Македонија односно Буџетот на Агенцијата за вработување трпи двојни штети. Еднаш, со исплата на нереален надоместок за време на невработеност. И вториот со исплата на нереално зголемен придонес за пензиско и инвалидско осигурување.

Сметам дека измената која се предлага во членот 68 став 2, овој надоместок да не може да изнесува повеќе од 80% од просечната месечна нето плата по работник во Република Македонија објавена за последниот месец е сосема

доволна да овозможи определена материјална сигурност за време на привремената невработеност. За обична компарација ќе го земам во предвид основот по кој се утврдува правото на пензија согласно прописите за пензиско и инвалидско осигурување и висината на пензијата за работник кој остварил право на пензија по 35 до 40 години пензиски стаж, односно 64 години старост. Таквиот работник ќе прима 80% од просечната плата кој ја земал во време на својот работен век. Значи, реално, иако можеби е малку различна, сепак оваа споредба покажува дека досега овие невработени лица кои примаат паричен надоместок по основ на невработеност има на некој начин и под определените услови привилегиран статус во однос на категоријата пензионер. Иако, сепак се наоѓаат во една непривилегирана состојба во самото општество со оглед на тоа дека го изгубиле статусто на вработени.

Што се однесува до измените кои се предлагаат во член 71 став 2 и намалувањето на времето за кое ќе се исплаќа паричниот надоместок, мислам дека иако овие намалувања се рестриктивни, сепак треба да предизвикаат позитивен ефект во смисла на ефикасност и поголема флексибилност во барањето работа и што е најбитно промена на свеста дека сме сигурни во Бирото со надоместокот кој ќе го примаме. Мислам дека ако ги погледнеме работите од друг агол, а во контекст на сето она што некогаш мора да го направиме, иако не е популарно, сепак ќе го поддржам овој Предлог за донесување на овој закон. Аргумент повеќе ќе ми бидат и самите амандмани кои ги даде Владата по извршените консултации со Синдикатот кој начелно се согласи со ваквите интервенции во законот. А ако Синдикатот тие измени ги прифати, па зошто и ние да не го прифатиме.

На крај, ќе завршам, Република Македонија со Уставот е дефинирана како социјална држава. Но, сепак тие функции државата ги остварува со други мерки и преку други институции во државата, а не преку политиката на вработување, односно исплаќање на надоместоци по основ на невработеност преку Агенцијата за вработување.

И сосема за крај, убедена сум дека овој Предлог закон е значаен чекор кон остварување на нашата проектирана цел неодложно да го решиме проблемот на невработеноста, а нашите граѓани го заслужуваат тоа и за секаков респект е нивното трпение секако поткрепено со довербата во работата на оваа власт.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам госпоѓо Бикова, ова со Синдикатот ви донесе две реплики.

За реплика се јави господинот  Љупчо Мешков.

ЉУПЧО МЕШКОВ:

Само едно дообјаснување. Мислам, да не се прават такви споредби кои што можат да предизвикаат заблуда кај граѓаните, односно да не се прави споредба помеѓу процентот на одредување на пензијата и процентот кај правото на паричен надоместок. Имено, 80% се од платата што работникот ја остварил, а таа во голем број случаи можеби е две и три просечни плати, а овде 80% е од просечната плата. Значи, такви споредби навистина не можат да се прават.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави господинот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Мислев дека од опозицијата нема да се јави пратеник кој што ќе го поддржи ова, мислам нема да смогне храброст ниту еден да го поддржи овој закон, барем јавно, гласањето е вака не јавно да речам. Меѓутоа, еве колешката Бикова смогна сили да каже и да го брани овој закон. Сметам дека тоа не е добро, бидејќи овој закон пред се е рестриктивен, рестриктивен во однос на тоа што сега го добиваат луѓето кои што не по нивна вина останале, или не добиле работа, заради тоа што овие луѓе заслужуваат и понатаму барем под овие услови да им се овозможи да го подобрат својот живот, или да најдат работа. Значи, пак ќе повторам, во макроекономската политика на оваа Влада беше дека ќе направи активни мерки и политики за вработување со тоа што ќе ги натера луѓето сами да бараат работа.

Јас би ја прашал колешката, колку е понудата на работна сила, или условите за понудување на нови работни места во Република Македонија, или наоѓање на свои бизниси. Значи, очигледно на граѓаните на Република Македонија трпението им е на крај, бидејќи повеќе од две години бројот на невработени само се зголемува. Јас не би сакал ова да биде политички маркетинг, особено вака на несреќата на близу 400 илјади невработени во Република Македонија, меѓутоа треба да знаеме дека ние треба да им овозможиме еден подолг период средства за да би можеле да излезат од оваа криза на невроботеност во која се наоѓаат за да можат да отвораат свои бизниси.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓо Биковска, една минута.

НАТАША БИКОВСКА:

Благодарам претседателе, сепак морам да му кажам на колегата Трајановски дека моето  ниво на политичка култура, а и нивото на демократијата во позицијата ни дозволува да поддржуваме и такви законски проекти и ако сите други пратеници молчат, ние ќе го поддржиме овој законски проект. Се е во функција на интересот на граѓаните на Република Македонија и се е во интерес во создавање на амбиент за нови вработувања. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓо Поповска, а потоа е Блаже Стојановски.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам господине претседателе, почитуван министре, почитувани колеги пратеници,

Морам да кажам дека сум изненадена што овој закон сепак го разгледуваме денеска на Собранието. По изјавата на премиерот пред новогодишните празници и неговите квалификации за законот, очекував тој да биде повлечен и сериозно преработен.

За волја на вистината Владата предлага неколку амандмани со кои прави извесни подобрувања, но тие не можат да ги покријат сериозните недостатоци на овој закон.

Најсериозниот недостаток на овој закон лежи во новите критериуми под кои едно лице може да се стекне со право на паричен надоместок. Според овие критериуми ќе добиеме голем број луѓе што ќе останат без работа, без никакво финансиско покритие и без реални шанси за ново вработување чекајќи едноставно да ги наполнат потребните години.

Смислата за овој потег се бара во предвидувањата дека овие луѓе ќе бидат вака стимулирани да бараат работа. Некое општество со развиено стопанство ова можеби би профункционирало, но во македонски услови, ова нема да биде можно.

Во Македонија практично не постои развиен пазар на трудот кој би ги апсорбирал луѓето што остануваат без работа. Ние со ова  ги претвораме во социјални случаи. Според мене, наведената заштеда за државата од 400.000 евра не вреди за маките и понижувањата на луѓето. Иако се сомневам дека ќе добиеме токму толкава заштеда, сметајќи ги трошоците за социјална помош, како и за справување со последиците што може да ги очекуваме, а тоа се пораст на сивата економија, пораст на криминалот и пораст на заболувањата кај овие лица и нивните семејства како резултат од зголемувањето на нивната сиромаштија.

По мое мислење некои од овие одредби се оди во спротивност и со донесената стратегија за борба со сиромаштијата и со стратегијата за зголемување на вработеноста.

Понатаму, сметам дека некоја од овие одредби се проблематични и од гледна точка на некои меѓународни конвенции. Имено, ако се читаат документи од Европската унија поврзани со социјалната политика уште во почетните точки ќе ги сретнете термините социјална инфлузија и социјална заштита.

Понатаму, значајно место има терминот социјална кохезија, како неопходност за изградба на општество во кое луѓето ја прифаќаат и ја споделуваат одговорноста еден за друг. Постои дури и европски комитет за социјална кохезија кој ќе се стреми за спроведување на специјални социјални програми преку разни тела на Советот на Европа. Значи, при спроведувањето на социјалната политика и реализацијата на стратегиите за намалување на сиромаштијата Европската унија решила да тргне од човековите права.

Со овој закон во некои негови одредби, се плашам дека се ограничуваат токму одредени човекови права и се доведуваат во прашање уставните одредби за гарантирана социјална сигурност за сите граѓани и дефиницијата на Македонија како социјална држава.

На крајот, би сугерирала, доколку е можно и доколку постои волја да се внесат одредени преодни решенија за да се изедначат условите за оние граѓани кои ќе одат од работа сега со оние што отишле пред донесувањето на овој закон. Сметам дека е тоа еден минимум да се води сметка за човековите права на овие луѓе кои ќе ги затекнат одредбите од овој закон.

Доколку тоа не се стори или доколку законот остане во оваа форма, јас нема да можам да го поддржам. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине министре за труд и социјална политика Стевчо Јакимовски.

СТЕВЧО ЈАКИМОВСКИ:

Причините поради кои го носиме овој закон се наведени во образложението и нормално кога се работени овие измени правени се одредени анализи и направени се компаративни анализи со другите земји во регионот и во Европа. Мислам дека е добро да се споредиме со сите оние земји што се посиромашни од нас и оние што се како нас и оние што се побогати од нас. Нормално, најмногу има забелешки на

членот 5 ставот 3 кој се согласува со членот 8 во кој правиме измена на невработено лице кое има најмалку 15 години стаж и 55 години старост да има право на постојан паричен надомест во случај на невработеност до неговото пензионирање и сега го менуваме. Да, тој паричен надомест го има 5 години до пензионирање, само доколку му недостасуваат 5 години до пензионирање.

Сега би сакал да го информирам Парламентот. Кај долгорочното осигурување, максимум што даваат другите земји во просек е 11 месеци, повторувам 11 месеци. Република Македонија до сега беше 120 месеци, значи 10 години, а ние сега предлагаме 5 години односно 60 месеци. Кога зборуваме за човекови права овде во овој дел човековите права се за скоро 6 пати поголеми во однос на другите земји, значи категоријата на граѓани кои доаѓаат во зоната на невработеност, односно имаат право на овој надоместок. Во седум земји имаме максимум 12 месечно надоместување и осигурување во случај на невработеност. Во една земја 10 месеци, во 4 земји 9 месеци, во 3 земји 6 месеци, една земја, тоа е Словенија, 24 месеци и Хрватска е како нашиот предлог што сега го даваме 5 години. Значи, само ние и Хрватска од сите земји во регионот и оние што се членки на Пактот за стабилност и оние што се кандидати за влез во Европската унија и оние што се со најновиот влез во Европската унија тука се Албанија, Азербејџан, Бугарија, Ерменија, Естонија, Латвија, Молдавија, ние не сме побогати од Молдавија, на пример Руската Федерација, Романија, Полска, Словачка, значи апсолутно не станува збор дека ние одиме далеку под правата во другите земји, туку напротив ние заедно со Хрватска сме најиздашни во тој дел и го кратиме оној дел од практично десет години до пензионирање на пет години и во тој дел луѓето што остануваат без работа по основ на технолошки вишок добиваат најмногу права.

Што се однесува до паричниот надомест и основицата за пресметување, во просек кај сите земји се движи, најмногу има една земја која е 75%, тоа е Романија. Сите земји се од 65, па одат надолу. На пример 3 месеци 65% од просечната плата, па се спушта на 50 и најмалку до 40% последните два или три месеци од времето за кое лицето има право на паричен надомест.

Ние го корегиравме 65%, колегата Манасиевски кога правел пресметки повторно го дал највисокиот дел во споредба со другите земји и по разговорите со Синдикатот и во одредени консултации го качуваме на 80%. Значи, нема ниту една земја која е 80% од просечниот личен доход. Само една земја е 75%, а ние сме 80%. Значи во тој дел кога зборуваме за правата Македонија е најиздашна.

Понатаму, она што сакам да го потенцирам е дека нема логика односот на активните мерки во однос на пасивните мерки се 1:7. Годишно издвојуваме 6,5 милијарди денари за пасивни мерки, имаме 960 милиони денари за активни мерки. Ние мораме да ја смениме нашата политика во насока на поттикнување за вработување, а не на создавање на социјала. Морам да потенцирам дека начините што одредени дискусии одат во краен популизам значат практично засновање однос со Агенцијата за вработување. Овие луѓе немаат заснован однос со Агенцијата за вработување и трајно десет години да примаат паричен надомест, значи земаат половина од платата и комплет им се плаќаат придонесите, туку ова е само осигурување во случај на невработеност за одреден временски период по кој временски период му престанува правото односно за категоријата мислам на постарата категорија кои имаат 5 години до пензионирање на нив им се овозможува да паѓаат на товар на државата и на фондовите.

Ние треба да правиме разлика помеѓу социјална заштита и осигурување во случај на невработеност. Ние не можеме со придонес од 1,6% да обезбедиме ваква заштита компарирајќи ја на пример со придонесот за пензиско и инвалидско осигурување кое е 21,5%. Да речеме 40 години стаж треба да се има или најмалку 15 години односно староста која е предвидена да се оствари за да се оствари правото на пензионирање. Значи, во одредени случаи 40 години по 21,5% од личниот доход одвојувате за да имате 80% од примањата кои сте ги имале додека сте биле вработени. Конкретно за ситуацијата апсолутно се водело сметка за ситуацијата во која сме и покрај ова мора да се оди во натамошно усогласување, бидејќи некои дискутанти зборуваа дека мора да се усогласиме според европската легислатива. Точно е, но и европската легислатива е уште порестриктивна од оваа што ние ја имаме.

Понатаму, она што сакам да го кажам, кога зборувавме за катастрофални економски политики и незнам што друго, само една компарација. Во 1998 година имаме 39.946 лица како технолошки вишок. Во 2002 година имаме 46.772, да направиме разлика околу економските политики што биле водени во тие 4 години и од 2002 година до денес од 46.772 имаме 45.652. Значи 1100 лица технолошки вишок помалку во однос на 2002 година кога сме ја презеле власта. Да потсетам, според ФЕСАЛ-2 аранжманот технолошки вишок беа прогласени околу 18.000 лица. Значи, и во таква ситуација денеска имаме 1100 лица помалку како технолошки вишок.

Понатаму, кога разговараме за народ, не се народ само оние 45.000 лица, народ е сите граѓани во оваа држава, народ се и работодавачите, народ се и даночните обврзници, народ е секој оној што го плаќа придонесот. Сите тие права мора некој да ги плати. Парите не доаѓаат од космос, туку мора некој да ги плати тие пари, што значи мерката се носи во интерес на сите граѓани. Ние како претставници на граѓаните, односно како Влада ги носиме во интерес на сите граѓани, ова не е мерка само во интерес на одредена категорија на граѓани.

Понатаму, за да бидеме максимално коректни, дали некој спомна во својата дискусија дека има злоупотреба во оваа работа. Дали некој злоупотребува? Дали имаме такви појави? Дали имаме ситуации во кои вработени сами даваат изјава дека сакаат да одат како технолошки вишок? Зошто даваат изјави дека сакаат да одат технолошки вишок. Дали треба да го дозволиме тоа?

Понатаму, најголем дел од големите претпријатија загубари, претпријатија со повеќе од 1.000 вработени најголем дел низ процесот на реформите се решени и ние полека, полека овој процес мора да го стеснуваме и овие права мора да се стеснуваат. Најголем дел од стопанството ни е приватно стопанството како акционерски друштва и приватни друштва. Ние неможеме да создаваме услови во кои некој приватњак едвај чека одреден вработен да му направи 55 години и веднаш да го прогласи технолошки вишок и потоа повторно да го ангажира во истото претпријатие да работи во зоната на сивата економија.

Сите тие работи сите заедно и како Влада и како Парламент мора да водиме една политика тој круг на било какви манипулации што е можно повеќе ги стеснуваме затоа што гледаме дека тоа чини и пари, тоа создава и нелојална конкуренција и мислам дека нашата политика која ја водиме на чело со мене, оваа политика ќе оди во насока да се поттикнуваат, а ќе видите ќе има и други законски измени во насока на поттикнување што е можно повеќе на активните мерки, па луѓето се трудат да земаат пари за да можат да се вработуваат себе си или да вработуваат некој друг, напротив, се повеќе се врши дестимулирање на вакви пасивни мерки во кои граѓаните ќе настојуваат да земаат одреден паричен надомест и да го чекаат денот кога треба да се пензионираат.

Ве молам,кој е оној со 15-20 илјади денари примања и право до пензионирање да му бидат платени придонесите и да најде работа, ќе се откаже од тоа право. Никој. Секој ќе работи на црно за да може и натаму како една голема социјална сигурност да ги користи овие права.

На крајот уште еднаш потсетувам да правиме разлика меѓу осигурување во случај на невработеност и социјална заштита, социјални права на граѓаните. Тоа се две различни работи за кои ние многу сериозно сме воделе внимание.

Мислам дека во најголем дел се разбравме дека ова се компаративни анализи кои се правени и кои се достапни на секој и мислам дека нема никаква основа ниту оваа земја е толку богата, ниту е толку сиромашна за да може овие права да бидат толку големи и да бидеме апсолутни рекордери во земјите со кои се компарираме.

(Во отсуство на претседателот со седницата продолжи да раководи потпретседателот на Собранието господинот Слободан Најдовски.)

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам господине министре,

Во меѓувреме за реплика се јавија Лилјана Поповска и Слободан Даневски.

Повелете госпоѓо Поповска, 3 минути.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Сосема кусо ќе појаснам.

За мене главниот проблем е во вакум периодот до исполнување на критиерумите за стекнување со правото за надоместок. Ние немаме развиен пазар на трудот и луѓето практично се оставени да бидат социјални случаи. Инаку, доколку би имало развиен пазар на трудот, тие луѓе секако би излегле на тој пазар и би го понудиле својот труд и би добиле работа.

Статистиките имаат важност, многу се добри и неопходни, меѓутоа треба да се споредуваат сите податоци, треба да се споредуваат и условите со пазарот на трудот во едни и во други земји. Јас зборував за Македонија.

На крајот да бидам јасна дека сите мерки на Владата во борба со злоупотребите во оваа сфера јас верувам дека сите ги поздравуваме и јас исто така. Тука немаме никакви разлики. Благодарам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам госпоѓо Поповска.

Повелете министре, 1 минута контра реплика.

СТЕВЧО ЈАКИМОВСКИ:

Токму предвидените измени се во насока да дестимулираме отпуштање. Значи, во обратна насока е целта на законот да се дестимулира отпуштање и кога зборуваме за компарирање, јас зборувам за компарирање со Албанија, Бугарија, Романија, Хрватска, Србија, Молдавија и тн., значи зборуваме за компарирање со

земји кои се од прилика на слично ниво на развиеност. Исто така имаме компаративни анализи со земјите кои се веќе членки на Европската унија, но кои исто така го поминаа процесот на транзиција каде мерките се далеку односно овие права се далеку помали во однос на овие што ние ги имаме и во однос на оние што ние сега ги предлагаме,а се вели дека се рестриктивни.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам господине министре.

Повелете господине Даневски, 3 минути реплика.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

И моето размислување би го насочил во компаративните мерки односно компаративните анализи кои доаѓаат од дадените земји.

Имено, со престанување на паричниот надомест, ако правиме анализа со една Шведска или со дел од најразвиените земји еве да кажеме и неразвиените, ако во еден дел на оние на кои го ускратуваме правото на паричен надомест да го направиме за 11 месеци и ако правиме заштеда, сега се зборува за 400.000 евра, ако правиме анализа, не станува збор за 400.000 евра ако е од 65 на 80%, туку станува збор за 250.000 евра, во делот на она што значи не се 400.000 евра заштеда на државата, туку 250.000 евра.

Во вториот дел што значи она обезбедување дали ќе постои алтернативно решение, ние ако скратуваме, да кажеме условно, условите за временскиот период, односно ние да земеме колкава е просечната плата на многу поразвиени држави од нас, ако се плаќаат придонесите знаеме на оној што ќе плаќа 30.000 и ако ја изанализираме просечната плата, тогаш ќе испаден ако се 30.000, а просечна плата во Македонија е 10 или 11.000 нека се направи математика и ќе се види. Во она што еве не се согласуваме, тоа е државата после 11 месеци или државата после 6 или 3 месеци има решение, никој не останал надвор на улица без работа. Затоа што, ние немаме некоја берза на трудот каде што се решаваат работите, значи, што со оној период и така имаме толку невработени 400.000 и сега и тие ќе ни останат. Тука е проблемот, дали законодавецот мисли да се реши овој проблем, затоа што после 11 месеци што ќе правиме со тие луѓе. Тие се ставени на милост и немилост на природата.

Благодарам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам господине Даневски.

Има збор министерот за труд и социјала Стевчо Јакимовски.

СТЕВЧО ЈАКИМОВСКИ:

Прво, не се невработени 400,000 и не е добро да манипулираме и вработувањата, значи решавањето на проблемот на вработување е со други мерки, но не со овој закон. Значи, сосема во погрешна насока одиме и мислам дека тоа е предмет на некоја друга дискусија, но не на овој закон.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам г-дине министре.

Завршивме со репликите.

Збор има г-динот Стојаноски Блаже.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министре,

Навистина, јас сум среќен што обидот на претседателот на Собранието да го помине овој закон така брзо пред нова година , а не помина, и фактот што така набрзина се стави на дневен ред и се сакаше да помине овој закон во тој период, покажува дека овој закон го сметавте за непопуларен како закон кој што директно ќе влијае врз распо.ложението на гласачите во контекст на локалните избори. Меѓутоа, фактот дека ја прифаќате истата политика која што ја водеше претходниот министер покажува дека новата Влада фактички продолжува по стапките на старата Влада и единствени измени кои што ги направи се измените кои, како што велите, сте ги направиле во консултација со Синдикатот. Навистина не можам да разберам кога зборувате за споредби со останатите земји, меѓутоа, не зборувате за споредби за целината на состојбите. Кога ние се споредуваме со Бугарија, Хрватска, со Унгарија или со некои други развиени земји, не треба да се споредуваме само по бројот на месеци кои што значат користење на овој надоместок во случај на невработеност, туку треба да се споредуваме во сите параметри. Пред се, во однос на износот на тој надоместок што тие го примаат, во однос на бројот на невработени лица, кои навистина немаат егзистенција и единствена егзистенција на тие семејства им било работното место од каде што земал плата тој што бил прогласен за технолошки вишок. И самите спомнавте дека 18.000 луѓе во последниве две години сте отпуштиле од загубарите, заради реализација на ФЕСАЛ-аранжманот. Меѓутоа, не се прашувате на колку семејства , дали на 18.000 или нешто помалку тоа им бил

единствен извор на приходи за живот. Ако тие не можеле да живеат со една плата, живееле во исклучителна беда во таква сиромаштија, сега се обидувате при отпуштањето од работа на тој еден вработен на тоа семејство, како што милувате да кажете дека по еден вработен ќе обезбедите, сега се гледа дека спротивно работите, со отпуштањето на тој еден вработен од семејството, вие не му давате можност на тоа семејство да се прехрани во наредниот период со вакви рестриктивни мерки. Навистина, тоа е она што сакав да ве запрашам и да ви го кажам, затоа што ако зборуваме за социјалната сигурност на семејствата во Република Македонија, тогаш треба да го имаме предвид тоа колку на тоа семејство му е потребно за минимална егзистенција. Ако зборуваме колкав износ му е потребен и колкав износ прима по овој основ, колкав износ прима по износ на социјална помош тогаш факт е дека трошоците кои што се даваат од Буџетот за социјални трансфери како што се нарекуваат,  не значат ништо друго , туку знак или показател на севкупната состојба во Република Македонија а тоа е огромна невработеност, огромна сиромаштија. Тоа треба да го признаете и тоа треба да го кажете и на тој начин вие не можете да го решите ниту едното прашање, ниту да водите борба против невработеноста. Тука нема активни мерки за борба против невработеноста, освен укинувањето на овој надоместок , како што имаше порано рестриктивни мерки по однос на инвалидите и на сите оние кои навистина немаат никаква ниту физичка можност да обезбедуваат средства за живот, а сега зборуваме за активни мерки во кои што со овој закон ќе се поттикнело односно ќе се зголемела можноста за вработување. Верувајте, навистина не можам да сватам како може со 400.000 евра, како што тука во образложението стои помалку трошоци по овој основ од буџетот на Република Македонија , вие да направите така значајна пресвртница по однос на вашиот однос кон активното барање на работа и кон обезбедување на нови работни места. Значи, се работи за чиста математика која што ја има направено Министерството за финансии заедно со Министерството за труд и социјална политика со цел да се усогласат износите кои што влегуваат во Буџетот на Република Македонија, а на која тема разговаравме пред новогодишните и божичните празници. Значи, прашање е како да се заштедат овие пари да не се дадат и се нашло начин тие пари да се заштедат со тоа што ќе им бидат скратени на оние на кои најмногу им требаат, а тоа се оние кои ќе останат без работа, затоа што над 55 годишна возраст нема да им требаат на нивните работодавачи, па претежно овие ќе бидат со низок степен на стручна подготовка, затоа што оние што се со

висок степен на стручна подготовка остануваат и понатаму како неопходност во функционирањето на фирмите односно на правните лица каде што тие работат. Се удира директно во најсиромашните слоеви на населението и тоа покажува еден однос кој што се случува овде во континуитет.

Сакам само да ве потсетам дека, како што велите, услови за поттикнување на вработувањето се создавале на овој начин. Кои се тие услови кои ќе ги создавате на овој начин со укинувањето на правото на оние кои имаат над 55, а немаат 59 години да користат ваков надомест до 64 годишна возраст и на тој начин ќе сте создавале услови за поттикнување на вработувањето, а од друга страна имате постојан трговски дефицит со странство, имате пад на бруто домашниот производ, имате околу 100.000.000 долари странски инвестиции кои можат да се сметаат за симболичност, немате отворање на никакви работни места или тоа е навистина во едни симболични рамки и на овој начин јас навистина неможам да разберам како моежете да излезете пред јавноста и да кажете, со ова што го правиме , со укинувањето на паричниот надомест на оние што ќе останат беЗ работа ние создаваме услови за отворање на нови работни места или за поттикнување на вработувањето. Меѓутоа, ако мислите на користењето на заштедени средства кои што се наведени како износ и кои што ги кажав претходно, тогаш навистина ќе ми биде многу мило кога ќе слушнам од ваша уста дека овие средства се намеменети за кредитни активности, за зачувување на постојните работни места, за отворање вистински нови работни места кои ќе значат обезбедување на егзистенција, не на ист толкав број за кој што кажувате во образложението на лица кои нема да можат да го примаат овој паричен надомест, туку на многу поголем број кој што на овој начин ќе ги искористи тие средства со активен придонес во процесот на трудот. Тоа би бил активниот начин на создавање на клима за нови работни места и за подобрување на социјалната состојба во која што се наоѓаат граѓаните на Република Македонија.

Од друга страна сите оние фирми за кои што велите дека завршија со затворањето од каде што имаше најголем борј на технолошки вишок 18.000, сега покрај нив имате веќе на врата нови загубари кои што допрва треба да ги решавате. Ова можеби како пресметка стои во однос на она што досега како бројки се појавувало, меѓутоа по однос на она што ќе се појавува во иднина, зборувам во текот на оваа година, и во текот на наредната година можеби, ќе значи заштеда на многу повеќе средства од страна на Владата, но не заради тоа што на тој начин ќе бидат

искористени на правилен начин средствата, туку заради тоа што на овој начин само признавате дека следи нов бран отпуштања, следи затворања на нови загубари, а единствен начин кој што го практикувавте тоа беше отпуштање на вработените по пат на стечај и продажба на имоторт на оној кој ќе каже, Министерството за економија, впрочем, имавме и такви примери. Од овие причини сметам дека оние причини кои што сте ги навеле и поради кои што се донесува законот, само да ве потсетам кои се тие. Значи, дел од условите за стекнување и користење на правото на паричен надоместок по основ на невработеност, измените кои што се случуваат на овие услови се предлагаат со цел да се обезбеди континуитет и навремена исплата на правата по основ на невработеност. Значи, немате пари во Буџетот, немате амбиент за создавање на приливи во Буџетот кој што ќе значи нормална исплата на овие средства и мора да го намалувате износот со цел да обезбедувате континуирана исплата на овие средства и да можете да ги покриете сите оние кои во иднина треба да станат корисници на ваков социјален надомест. Од друга страна, имате како причини наведено дека на овој начин се намалува дефицитот на Буџетот на Агенцијата за вработување на Република Македонија и на Буџетот на Републиката. Она што треба да значи помош на Владата на социјалната категорија на корисници на ваков вид на помош, а тие се пред се социјални случаи или лица кои се загрозени од материјален аспект, значи чисто заштеда на средства за да не се даваат за овие намени и ништо друго, што фактички со тоа признавате дека не се работи за создавање на никакви услови за поттикнување на вработувањето на овој начин.

Понатаму, спомнавте дека овие средства кои што треба да се обезбедат со неисплатата на овој надомест за во случај на времена невработеност, времена како што се вели, меѓутоа, фактички станува трајна, дека треба да се пренасочат од средства кои што се наменети кон пасивини во средства кои што се наменети кон активни мерки на пазарот на трудот. Јас би сакал да слушнам кои се тие начини кои што вие ќе ги овозможите на користење на овие средства и како од пасивни овие мерки ќе се претворат во активни и на тој начин ќе видиме некаков реален реултат од овој закон што се предлага.

По однос на спречувањето на одделни злоупотреби во примената на Законот во пракса , а во врска со отпуштањеето на работници од работа и нивното работно ангажирање, тоа е факт и признание дека, како што и велите самиот дека Македонија и не е толку правна држава , туку Трудовиот инспекторат не ја работи

својата работа доволно добро или признавате дека свесно и вие како Влада го кршите законот со тоа што ангажирате лица со договори за дело, не признавате јавно дека тоа е незаконски, а од другоа страна зборувате за оние кои што редовно биле вработени со нивното отпуштање дека ќе имало штета за Буџетот на РМ . Ако е тоа така тогаш како нема штета и од оние кои што земаат со договор за дело средства кои што можат да бидат наменети за оние кои се редовно вработени и кои што не би требало да бидат отпуштени, затоа што би можело да бидат ангажирани или на друго работно место или со доквалификација, преквалификација итн, сите оние мерки кои јасно стојат на располагање на Владата и на Министерството за труд и социјална политика.

Целите кои што ги наведувате и кои што сакате да ги постигнете со овој закон, на почетокот ги спомнав, еве уште еднаш да ги презентирам, затоа што се навистина интересни.

Првата цел е заштеда од Буџетот на 223.700 евра, што треба да се обезбеди со намалување на надоместокот на корисниците на паричен надомест во просек за 2.000 денари по корисник. Значи, 2.000 денари на идните корисници треба да земаат помалку за да се обезбедат 223.700 евра во Буџетот на Република Македонија. Истовремено на тој начин кажувате дека секој иден корисник на ваков вид на надомест ќе биде во полоша состојба од оние кои што до денес или до донесувањето на овој закон го стекнале правото на паричен надомест.

Втора цел која што ја наведувате тоа е дека на овој начин се врши заштеда од Буџетот на Република Македонија на 175.600 евра за долгорочните корисници на паричен надоместок со намалување на надоместокот за 1.800 денари по корисник. Значи кажувате дека ова претставува мал процен од вкупниот број на корисници на ваков надомест, кажувате и во однос на првата заштеда и во однос на втората заштеда, а од друга страна зборувате дека е неопходно донесувањето на овој закон. Ако навистина толкав мал процент се лица кои вие сакате да не земаат или да земаат по 2.000 денари помалку или 1.800 денари по другиот основ, тогаш јас не ја гледам причината да се предлага овој закон, затоа што на овој начин ништо не постигнувате. Единствено што правите , правите социјален удар врз оние лица кои ќе останат без работа и кои што имаат помеѓи 55 и 59 години, затоа што немаат друг начин на создавање на средства за егзистенција, немаат можност за повторно вработување, а од друга страна пак оние што се помлади и кои што остануваат без работа им се скратува времетрањето на користењето на овој паричен надомест одл

14 на 12 месеци или зависно од стажот кој што го имаат по однос на месеци во однос на досегашните услови кои што треба да ги исполнуваат за да можат да ги користат овие средства.

Понатаму, велите дека со овој закон се намалуваат трошоците на Буџетот по основ на надоместок за невработеност со намалување на бројот на месеци во кој надоместокот може да биде користен од 14 на 12 месеци. Значи целите се постојано намалување на трошоците на Буџетот. Треба да признаете дека вие единствено што правите со овој закон кажувате дека во Република Македонија Буџетот не може да се наполни согласно проекцијата и вие мора на овој начин да ги скратите овие пари од оние лица кои досега земале по поповолни услови, а сега ќе земаат по многу полоши услови и во многу пократок временски период или воопшто нема да земаат ваков вид на паричен надомест.

На крајот, неверојатна цел која што ја наведувате, а тоа е дека оваа одредба, овие одредби биле во функција на обезбедување на заштита на постарата категорија на работници. Па, зарем досегашните не беа во функција на заштита на постарата категориоја на работници. Ако веќе вие тргнувате од тоа дека сакате да ги заштитите лицата кои се постара категорија работници, тогаш најдобар начин би бил да го повлечете овој закон и на тој начин да покажете дека ако не можете да ја подобрите социјалната состојба, ако веќе она што го кажувавте за изборите дека ќе се борите против сиромаштијата , впрочем тоа беше и главната поента на вашата партија, тогаш треба да кажете дека нема барем да ги скратуваме сите оние права кои што ги имаа во моментот на вашето доаѓање на власт. За жал, вие под плаштот на некакви реформи од кои што гледаме само штедење, кое што значи директен удар на најсиромашните слоеви на населението, да не зборувам за земјоделци, да не зборувам за случувањата со млекото итн, има многу работи кои што се надвор од оваа тема за која што денес зборуваме, меѓутоа, директно тие состојби влијаат врз севкупната состојба, социјална состојба во која што се наоѓа македонскиот граѓанин. А, вие на овој начин и она државата што им го даваше како некаква социјална помош или надоместок како што се нарекува по основ на времена невработеност, само покажувате дека вашата цел не е создавање на една навистина социјална сигурност, каква -таква ако може сигурност да се нарече на населението, туку е заштеда на средства за да може вие парите од Буџетот да ги користите онака како што вие мислите дека е најдобро.

По однос на договорањата јас не можам да прифатам како може министерот за труд и социјална политика да се повикува на некаков договор со Синдикатот. За да има еден синдикат можност да се договори, се знае на кој начин тоа се прави. Прво, со легитимитет на Синдикатот односно со создавање на директен однос на Синдикат и Влада, меѓутоа како страни, а не како комплементарни субјекти. Значи, не можете да се повикувате на тоа дека договорот со Синдикатот ви дава за право да ги носите овие измени, затоа што верувајте Синдикатот во овој момент со ваква согласност не може да даде само во негово име, а не и во име на сите оние кои што нема да можат да ги користат правата по основ на невработеност што му следуваа досега согласно постојните закони.

Не сакам да должам многу, навистина, сметам дека прогласувањето на технолошки вишок ќе продолжи. Парите кои што лицата ги земаат по овој основ ќе бидат многу намалени, условите се многу заострени, социјалната сигурност ќе им биде многу намалена, она што значи отворање на нови работни места, мерки со кои што ќе се подобри ликвидноста на пртпријатијата, гаранции дека ќе има помалку отпуштени вработените во фирмите, договорите за дело за кои што спомнував, никакви работи не слшнавме, па затоа сметам дека овој закон единствено значи заштеда, како што самите велите, на средства за Буџетот на Република Македонија, за цели. Дали тоа ќе биде вработување согласно на Рамковниот договор во јавната администрација, дали тоа ќе биде нешто за Тетовскиот универзитет или не знам за кои други намери, навистина овие средства што сега ги земате од овие социјално загрозени лица, не знаеме каде ќе бидат наменети. Затоа што вие тоа не го кажувате, а ние не можеме тоа да го претпоставиме.

Затоа јас ќе гласам против овие измени на законот и сметам дека со ова не се прават никакви реформи, не се создаваат можности за активни мерки за вработување на невработените лица, туку напротив, само се врши удар врз социјалната сигурност на оние кои ќе останат без работа по разни основи, пред се поради затворање на фирмите што треба да бидат загубари, фирмите што паѓаат во тешка финансиска состојба на пазарот во Република Македонија, доколку тој постои.

Благодарам.

(со седницата продолжи да раководи претседателот на Собранието г-дин Љупчо Јордановски)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Стојаноски,

Да ве известам дека пратеникот Коста Прешоски ја приложи својата дискусија и таа ќе биде дел од стенографските белешки.

КОСТА ПРЕШОСКИ: (приложена дискусија)

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ И ОСИГУРУВАЊЕ ВО СЛУЧАЈ НА НЕВРАБОТЕНОСТ**

Причините за донесување Закон за изменување и дополнување на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, воглавно се со цел да се обезбеди континуиутет и навремена исплата на првата по основ на невработеност, потоа намалување на дефицитот на средствата, (Буџетот) на Агенцијата за вработување и Буџетот на Република Македонија.

Посебна причина за донесување на овој закон е и спречувањето на одделни злоупотреби во примената во пракса на Законот во врска со отпуштањата на работници од работа и нивно работно ангажирање.

Измените и дополнувањата на некои одредби на овој закон е поврзано и со мерките за реформите на пазарот на трудот, односно флексибилноста на пазарот на трудот.

Ќе се задржам накратко на решенијата дадени во Законот (со некои мои сугестии и забелешки, а истовремено да ја запознам јавноста со измените и дополнувањата што се нудат, кои се тие, на што се однесуваат, бидејќи овој закон побуди голем интрес кај граѓаните).

Така, со член 1, во членот 58 став 2 се врши негова измена и тој гласи:

- ако невработено лице од неоправдани причини не се јави во Агенцијата, се брише од Евиденцијата на невработени лица и може повторно да се пријави по истекот на една (две) година, што е прифатливо решение, а уште повеќе ако се има во вид дека ова е направено поради усогласување со последната измена на член 10 во овој закон.

Со член 2, во членот 60 став 1 зборот веднаш се заменува со зборовите во рок од осум дена. И, тој гласи:

- Работодавецот е должен да го одјави работникот во Агенцијата во рок од осум дена  (веднаш) по престанокот на работниот однос.

Решение кое го подобрува текстот на Законот, бидејќи слични такви нормативни решенија се дадени и во други закони со одредување рок на извршување и пријавување.

Заради појаснување и примена на членот 66 од постојниот закон, со членот 3 се врши соодветно дополнување на истиот со нов став 2, кој гласи:

- За остварување на право за паричен надоместок како време поминато во работен однос не се смета времето за кое невработеното лице примало паричен надоместок. Значи и тука нема ништо спорно, т.е. навистина со овој став само добиваме член што е појасно применлив во пракса.

Со член 4, во членот 68 став 2, имаме дополнување и суштината на овој став би била:

- Висината на паричниот надоместок не може да изнесува повеќе од 65% (во меѓувреме амандмански е реагирано од страна на Владата со предлог 80%) од просечната нето плата по работник во Републиката објавена за последниот месец.

Со оваа измена се предлага највисокиот износ на паричен надоместок да изнесува 80% од просечната месечна нето плата по работник во нашата држава.

Направена е анализа и прашувам:

Колку краткорочни корисници со оваа измена ќе имаат паричен надоместок во интервалот од 8.100 (што е 65% од просечната плата во Република Македонија) до 9.970 денари (што е 80% од просекот) ако се знае дека 96% од вкупниот број на оваа категорија на корисници примаат надоместок помал од 8.300 денари? Исто така, се прашувам дали измените од 65% на 80% ќе имаат влијание на висината на паричниот надоместок на преостанатите 4% (и дали сега овој процент на корисници е истиот)? Уште повеќе ако се знае дека просечното времетраење на користењето на паричниот надоместок на оваа категорија лица изнесува 8,6 месеци, колкава ќе биде вкупната заштеда за целото време на користењето на надоместокот? (Анализа со 65% е направена и заштедата е околу 223.700 евра). Мислам дека ако висината на паричниот надоместок е 80% од просечната плата, тогаш заштедата ќе биде незначителна.

Кај долгорочните корисници (вкупно околу 7400 лица) 88% имаат паричен надоместок понизок од 8100 денари, се прашувам дали предложената измена воопшто и колку лица ќе опфати ако се знае дека нивниот просечен надоместок изнесува 9.932 денари, а 80% од просечната плата е 9.970 денари. (За овој дел

немаме никаква анализа за да го знаевме ефектот од измената). (Ќе беше добро ако имавме и еден статистички преглед за последните години како се движеше бројот на долгорочните корисници на паричен надоместок, каква е нивната образовна структура, дали тие ќе можат да најдат работа заради нивното ниво на образование, дали се тие спремни да се соочат со новите потребни звања, (овде, сигурен сум дека податоците се поразителни). Таквата анализа многу ќе ми помогне околу изјаснувањето за измената на ставот 3 на членот 71 од постојниот Закон, за што малку подоцна ќе зборувам).

Се прашувам колкави ќе бидат вкупните заштеди од имплементацијата на предложената одредба (со 65% од пресечната нето плата ќе се заштедеа околу 4.00.000 евра)

Веднаш да кажам дека се сложувам со измената на оваа одредба, но би сакал да слушнам коментар од страна на министерот во насока на тоа колкави ќе бидат вкупните заштеди, (ако воопшто и ќе ги има)?

Со член 5 е извршена корекција и измена во членот 71, т.е. извршено е усогласување на скалата за определување на времетраењето на користењето на паричен надоместок.

Позначајна измена е тоа што користењето на паричен надоместок од 14 месеци се намалува на 12 месеци, а со тоа се поместува и времетраењето на користење на паричен надоместок и кај останатите корисници со помал стаж на осигурување, без да се наведат ефектите од таквиот предлог.

Овој предлог можеби е добар, што не значи дека не можеше да се понуди и некое друго поправично решение. Но, што е тука е.

Со членот 5 се врши и измена на став 3 на членот 71, кој што предизвика и најголема полемика преку средствата за јавно информирање и барање на многу граѓани за објаснување на оваа измена при нашите контакти со нив. Да кажам дека има голем револт од страна на граѓаните за ваквиот предлог и барање за наше посериозно влучување во изнаоѓањето на поприфатливо решение.

Господине министре, колеги пратеници,

Од разговорите со, да бидам искрен, со засегнатите граѓани, тие се исправени пред една, за нив и нивните семејства, голема неизвесност. Тие се загрижени за нивната судбина, тоа се лица кои би се нашле “ни на небо ни на земја”, лица родени 1949 - 1950 година, и подоцна, кои денес повеќето од нив имаат околу 30 години работен стаж. Да бидам попрецизен, тие со високо образование имаат околу 30

години работен стаж, а останатите над 30 години. амите се прашуваат кој ќе сака да прими на работа лице на возраст со над 55 години.

Ти се свесни за нивото на нивното образование и дека на таква возраст не можат и не се подготвени да се соочат со новите потребни знаења, како услов за нивно повторно вработување.

Обично, за таквите предлози велиме дека прдизвикуваат негодување и отпор во јавноста, дека друг избор немаме, дека треба да се има храброст и одлучност и слично.

Да, и јас се согласувам, но треба да се погледне и стварноста, реалноста и да се оди со помалку радикални мерки.

Затоа, предлагам алтернатива на страв 3, на член 71 што би гласела:

“На невработено лице кое има над 55 години возраст и најмалку 25 години стаж на осигурување, паричниот надоместок му се исплатува до неговото вработување, односно до настапувањето на некои од основите за престанок на правото на паричен надоместок.

(Оваа одредба дури може да биде применлива на одредено време, на пример 5-10 години или пократко).

Со тоа ќе им се излезе во пресрет на граѓаните и нивните семејства, ќе бидеме како држава по правични, нема со акт да продуцираме социјални случаи, бидејќи верувајте нема човек кој сака да прима паричен надоместок и на тој начин да чека да се пензионира. Напротив, секој сака да си го одработи својот работен век, да си ги доживее годините и спокојно да си оди во пензија.

Во тој случај, предложениот нов став 3 на членот 71 со членот 5, сега како став 4 би останал како прифатливо решение.  (Цитирај го)

Во последно време има случаи, (особено се тие уочливи од страна на граѓаните во малите места), каде што како технолошки вишок се прогласуваат работници со високо образование, со поголем број и повисок износ на испратнини и особено со повисоки плати, или најчесто со зголемени износи на плати особено за периодот што се зема за основица за песметување на паричниот надоместок (таквите лица во помалите места граѓаните ги викаат уште и “шпански борци” бидејќи луѓето биле ербап и се избориле и снашле.)). Целта е да се прима повисок износ на паричен надоместок.

Предлагам да се интервенира во членот 68 став 1. (Да се цитира) (Врз основа на добра анализа да се направи таква промена) така наместо 24 месеци да стои 48 месеци).

Во останатите членови се направени, за мене, прифатливи измени и дополнувања. Така:

Со членот 6 се врши додавање на нова алинеја на членот 75, со што се допрецизира запирањето на исплатата на паричен надоместок во случај ако работникот е ангажиран или врзши дејност.

Со членот 8 се врши измена на ченот 78 став 1 во смисла на усогласување со измените и дополнувањата на ченот 5 на овој закон.

Со членот 9, во ченот 98 став 3 се вршат измени заради допрецизирање и дообјаснување на примената на законот, односно спречување на злоупотребата на примената на законот.

Со членот 10 се дадени преодни одредби со кои се регулира преодното решение на примената на законот. (Ќе го цитирам за да се запознае јавноста со оваа одредба).

На крајот да кажам дека ја прифаќам и поддржувам потребата од донесување Закон за изменување и дополнување на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, но само како прва фаза. Предлагам и сугерирам овој закон да оди во две фази за да може сите сугестии и предлози дадени на оваа собраниска сесија, од јавната расправа со сите заинтересирани страни да се земат во предвид, а се со цел да добиеме закон прилагоден на нашата стварност.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине министре вие барате збор?

Повелете, имате збор.

СТЕФЧЕ ЈАКИМОВСКИ:

Господине Стојановски, ова не се социјално загрозени лица. Ова се лица кои останале без работа. Тоа не значи дека се тие социјални случаеви. Може останатите членови на семејството да работат. Значи, лица кои изгубиле работа. Не се социјално загрозени лица. Тоа се две различни категории.

Второ, ние не можеме да имаме два паралелни системи на соицијално осигурување, односно на социјална заштита. Не можеме да имаме два паралелни системи. Ова, вие што го заговарате, е да имаме два паралелни системи. Тоа нема логика.

Следната работа, овие средства, заштедите што ќе се направат, ќе се употребат за, како што ви кажав, активни мерки. Нема потреба да ја обманувате јавноста , демек ќе оделе за тетовски универзитет или не знам каде, или не знам каде. Апсолутно ќе одат за активни мерки, за преквалификација, дообуки, сето она што според одредбите на нашата Агенција за посредување при вработување.

Што се однесува до новите вработувања, во 2003 година на неопределено и определено време, имало преку 41 илјада нови вработувања, за 2004 година имаме преку 37 илјади, до ноември месец, на неопределено и на определено време.

Целокупните заштеди, што постојано манипулирате 400 илјади евра, не се 400 илјади евра. Се околу милион ипол евра, затоа што вие земате само по еден основ. Намалување на највисоката сума, просечниот личен доход намален до, прво, пресметките се тука до 65%, не е до 80%, само по тој основ се тие 400 илјади. Вкупните заштеди се некаде околу милион ипол евра, но пресметано на постојаните корисници. Не зборуваме за евентуално нови технолошки вишоци, значи и тие треба да се земат во предвид дека ќе оди заштедата и на евентуалните нови корисници на овие права што овде ги даваме.

ФЕСАЛ 2 аранжманот, ФЕСАЛ 2 аранжманот беше потпишан од Вашата Влада, што ние го спроведуваме. Значи, тоа е г-дине Стојановски, заедничка политика што и ние се согласуваме со таа политика, вие сте потпишале, господинот Груевски потпишал. Ние, ФЕСЕЛ 2 аранжманот го спроведовме. Сето она што таму е договорено со Светска банка ние го спроведовме. Така што не гледам дека тука имаме разлики во тој дел.

И, не е коректно да се зборува - имате, имате, имате. Имам чувство како да сте дојдени од Америка, Норвешка или Шведска, а не како од оваа земја и како претставник на Влада што владееше до 2002 година. Ако ние имаме илјада технолошки вишоци помалку и ако имаме 17 илјади невработени повеќе, вие имате 114 илјади невработени повеќе и имате 9 илјади технолошки вишок повеќе, кога зборуваме за имаме, имаме, имаме. И, што и вие имате.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Господине Стојаноски, повелете на реплика.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

За да може да се зборува за социјална сигурност треба прво да се повлече овој закон, затоа што ако имало технолошки вишоци во тој период или во овој сега период, јас не гледам никаква причина вие со овој закон да му ги скратувате оние средства што им се дадени согласно на постојниот закон и кои што тие имаат право да ги користат, независно дали некој работи од семејството или не работи. Затоа што тоа се личности кои остануваат без работа и потребно им е време во кое што државата треба да им помогне со средства, за да најдат работа, а доколку тоа не можат, затоа што објективно вие не преземате никакви мерки за отворање на нови работни места, тогаш треба да им дадете подолгорочна можност за да бидат некако социјално згрижени.

Од друга страна, само ќе ве потсетам дека ФЕСЕЛ 2 аражманот значеше и можност за функционално активирање на фирмите загубари. За жал, вие го сватиивте овој аранжман како аранжман за затворање на фирмите што се загубари, за отпуштање на нивните работници и продавање на имотот на начин за кој што може да го прашате г-динот Блажо Тасев, како се викаше од Словенија, па да ви презентира како се продаваат тие фирми.

Сметам дека тоа што го кажувате, дека постојат активни мерки, вие повторивте дека на тој начин сакате да ги ангажирате овие средства, меѓутоа не кажавте кои се тие активни мерки. Дајте ни, каде ќе ги потрошите овие пари што ги заштедувате за Буџетот на Република Македонија, како што сами велите? Каква корист ќе видат оние кои се отпуштени по различни основи, каква корист ќе видат младите невработени кадри и кава корист ќе бидат фирмите во Република Македонија каде што тие треба да се вработат и фактички да се создаваат тие нови работни места што се основ за надминување на состојбата во која што се наоѓа Република Македонија и нејзините граѓани?

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Пред да го предложам заклучокот за усвојување, ги молам пратениците да влезат во салата.

(Неколку пратеници влегуваат во салата)

Уште еднаш ги повикувам пратениците од Клубот да влезат во салата.

Треба да пристапиме кон гласање.

Објавувам пауза до 15,00 часот.

(Поради немање кворум, паузата е објавена во 13,35 часот наместо во 14,00 часот).

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,00 часот).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Потребно е кворум за гласање.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата).

Уште еднаш молам службите да ги пребројат присутните пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата).

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата).

Како и порано, и сега ќе вклучам 10 минути да тече времето.

(Службите го вклучија времето од 10 минути  да тече).

Ги молам службите да седнат на своите места.

Бидејќи расправата е заклучена на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за вработувањето и осигурувањето во случај на невработеност.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 62 пратеници од кои 53 гласале за,  1 воздржан и 8 против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот?

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни се вкупно 64 пратеници, од кои 59 гласале.

52 гласале за, 3 воздржани и 4 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани на член 4 и на член 5 став 1 точка 2 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Нелко Стојановски поднесе амандман на член 9, по кој Владата не се произнела.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 2, член 5 став 1 за додавање нов текст по воведната реченица и на член 8.

Отворам претрес по амандманот на член 2, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика.

Повелете господине Стевчо Јакимовски.

СТЕВЧО ЈАКИМОВСКИ:

Се прифаќа амандманот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од предлогот на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 5 став 1 за додавање нов текст по воведната реченица, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата, министерот за труд и социјална политика.

СТЕВЧО ЈАКИМОВСКИ:

Владата го прифаќа амандманот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 8, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика.

СТЕВЧО ЈАКИМОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од предлогот на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 9, поднесен од пратеникот Нелко Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика.

СТЕВЧО ЈАКИМОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од предлогот на текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 65 пратеника, 53 гласале за, тројца воздржани и 4 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност.

**Минуваме на точката 15 - Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на закон, со Предлог на закон и Извештајот на Законодавно-правната комисија ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Прв се пријавил господинот Љупчо Мешков, а потоа пратеничката Цветанка Гашоска.

Повелете господине Мешков.

ЉУПЧО МЕШКОВ:

Благодарам претседателе.

Многу на кратко ќе кажам. И во дискусијата по претходната точка реков дека не до крај сум убеден дека имаше потреба од донесување на измена и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување, затоа што нормативно гледано само со ограничување на основицата, на која се одредува надоместокот, а не надоместокот немаше никаква потреба од изменување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување. Тоа е едната причина заради која што мислам дека не требаше вака да се постапи, а втората причина е заради фактот што сега во Законот за пензиско и инвалидско осигурување ќе имаме два института на ограничување на пензијата. Првиот институт за овие лица ќе биде ограничување преку пензиската основа, односно ќе биде ограничување преку основицата, а второто ограничување ќе биде преку највисоката пензија, иако сите знаеме дека ограничувањето на пензијата преку највисоката пензиска основица е институт кој треба да заживее со формираниот пензиски систем, значи нешто подоцна. Затоа се прават двојби во еден ист институт без никаква потреба, а можеше само со еден потег да се избегне донесувањето на измената на овој закон, а финансиските ефекти што сакал предлагачот да ги постигне ќе беа сосема исти.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Мешков за вашето кусо излагање и забелешки.

Повелете госпоѓо Гашоска, а потоа е на ред господинот Жарко Караџоски.

ЦВЕТАНКА ГАШОСКА:

Благодарам.

Почитуван претседателе, претставници на Владата, колеги пратеници,

Ги одобрувам и прифаќам сите мерки што се преземаат од страна на Владата, а се поврзани со мерките за реформите на пазарот на трудот. Измените и дополнувањата на законот ги прифаќам затоа што се обезбедува заштита на постарата категорија работници и тоа со солидна заштита.

Како земја во транзиција се соочуваме со значителни проблеми. Но мора да се направи студиозна анализа во Министерството за труд и социјална политика, затоа што останува на страна една категирија работници односно работнички кои воопшто не се виновни за промените на општественото уредување во државата. Тие работеле и сеуште работат на норма, а иднината им станува се понеизвесна. Зборувам за една бројка од околу 120 работнички текстилки од Охрид кои имаат зад себе стаж кој се движи од 31 до 35 години, а годините на старост меѓу 50 и 55.

Опстанокот на фабриката е неизвесен, за 3 до 4 години не се платени придонесите по основ на пензиско и инвалидско осигурување, па и здравствено осигурување и тие секако не се конкурентни на пазарот на трудот. Значи треба и мора да се најде заштитен механизам и мерки за оваа категорија на женска работна сила.

Прва мерка што мене ми паѓа на памет е секако докупот на стажот, но мислам дека постојат и други мерки што можат да се преземат за заштита на оваа работна сила. Министерството за труд и социјална политика односно Владата и секако ние пратениците треба да ја заштитиме женската работна сила која провела работен век покрај машините. Верувам во капацитетот и разбирањето на оваа Влада и ова ресорно Министерство дека ќе ја исправат големата неправда што им ја нанесе претходната власт со измените на Законот за инвалидско и пензиско осигурување на женската работна популација.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам госпоѓо Гашоска.

Повелете господине Караџоски, имате збор.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, колеги пратеници,

Овде имаме предлог за донесување на закон за дополнување на законот за пензиско и инвалидско осигурување, со Предлог на закон, кој закон севкупно е со два члена, од кои вториот член се однесува на денот кога стапува во сила овој закон. Инаку, целиот закон се состои од еден член или поточно процент кој во првата верзија на овој закон изнесуваше 65% од просечната месечна нето плата по работник во Републиката. Сега интересно е што на вака добиениот предлог се доставува амандман кој го менува процентот од 65 на 80%, а во суштина амандманот е толку голем колку што е и самиот закон, значи на некој начин два закона за една иста тематика. Ако можеби потраеше оваа седница ќе добиевме и трет амандман при што цело време ќе се бараташе со процентот за пензиското односно инвалидското осигурување.

Сега што е овој закон? Аналогно на Законот што претходно помина, односно Законот за осигурување во случај на невработеност, каде одредбата за 80% веќе помина, се усвои и аналагно на тоа овој закон треба да се дополни, каде што сега пензиската основица односно придонесот кој ќе го плаќа Агенцијата ќе го плаќа така што таа основица нема да биде повисока од 80% од просечната месечна нето

плата. Сега на некој начин ова е втор удар категоријата невработени лица, затоа што ако одредени права ги губеа со претходниот закон сега на овој начин исто така има ограничување, со тоа што пензиската основица во секој случај со самото тоа што ќе биде ограничена, на некој начин и се намалува, а утре, задутре кога таа категорија граѓани треба да замине во пензија тоа ќе го почувствува на вкупниот износ на пензија што треба да ја земат.

Повторно ќе кажам, мотивите заради кои предлагачот доставува ваков закон се истите оние кои ги елаборирав претходно, а тоа се заштеда во Буџетот, намалување на одредени средства итн. Но овде како и во претходниот случј не станува збор за некои активни методи, туку едноставно како да се заштедат парични средства, односно да се намалат исплатите кои Буџетот на некој начин ги има врз овие категории на граѓани. Значи ништо посебно и ништо поразлично од она што претходно се зборуваше, од она што претходно го кажавме. Ако веќе парламентарното мнозинство го усвои претхнодниот закон нема дилема дека и овој ќе се усвои, но во секој случај и тоа ќе кажам дека јас и овој закон нема да го поддржам, затоа што сметам дека и овој закон е рестриктивен како претходниот и се ограничуваат оние права кои непотребно, односно без никаква вина оние граѓани кои по играта на случајот се невработени на овој начин ќе трпат лично на нивна штета. Тоа е тоа што го предлага Владата без некоја можност за поголема социјализација.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете господине Трајановски, имате збор.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам, претседателе.

Би сакал да потенцирам дека овој закон е последица од претходниот или во пакет со претходниот закон, кој го донесовме пред неколку минути. Инаку се однесува за намалување на средствата кои се издвојуваат за невработените и во конкретниот случај за плаќање надоместок, придонес за пензиско и инвалидско осигурување. Имено, законот е многу краток, се работи само за еден член. Значи во оној дел каде што се менува член 180 став 6, кој ќе го прочитам, се вели вака: “Основица за пресметување и плаќање на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување за невработени лица претставува основицата од која е утврден паричниот надоместок во случај на невработеност”. Сега со измените и

дополнувањата на законот што се предлага се дополнува со следните зборови: “но не повеќе од 65%” а со амандманот на Владата “80% од просечната месечна нето плата на работник во Републиката објавен во претходниот месец”. Значи и овде на некој начин се прави урамниловка, со тоа што независно колку плата примале пред да станат невработени основицата сега ќе им биде намалена и од таа просечна плата која до сега беше. Мислам дека немаше потреба овде да се случува тоа, бидејќи вели дека претставува основицата од која е утврден паричниот надоместок. Ако паричниот надоместок, основицата на која е утврден паричниот надоместок биде основица на некој начин за таа помош на тие невработени би требало да остане и овде во законот истата, бидејќи просечната плата во Република Македонија не е толкава за да може тие да се луксузираат и пак би потенцирал дека Владата би требало да наоѓа начин со други мерки да ја намалува невработеноста или да се намали бројот на невработени, а не со намалувањето на тие средства. Значи треба да изнаоѓа начини, можности и услови, односно на пазарот на работната сила понудата да биде поголема. На овој начин сметам дека пак ќе дојдеме во една статус кво состојба, која сметам дека не нуди голема иднина.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Молам пратениците да влезат во салата, бидејќи треба да гласаме по заклучокот.

Молам службите да го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

(Во салата нема кворум).

Десетте минути почнуваат да течат.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 62 пратеници.

Заклучокот кој гласи - Собранието го усвојува предлогот за донесување на Законот за дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 62 пратеници, 54 гласале за, нема воздржан, 1 против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, 55 гласале за, нема воздржан, 2 против.

Во салата се присутни 62 пратеници.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандман на член 1 и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници, 57 гласале за, нема воздржан, 1 против.

Во салата се присутни 62 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе законот.

Се враќаме на **точка 11 - Предлог на закон за заштита конкуренцијата.**

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 25 став 2 и на став 3, член 39 став 1 и 2, член 40 ставови 3, 4, 8 и 9, на насловот на член 53 и за додавање нова реченица во членот 53, за менување на член 54 и на член 56 став 2.

Пратеникот Нелко Стојановски, поднесе амандман за менување на поднасловот пред член 40 и за менување на член 40 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 25 став 2 и на став 3, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата на Република Македонија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за економија.

Повелете.

ФАТМИР БЕСИМИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на Законот.

Отворам претрес по амандманот на член 39 став 1 и на став 2, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за економија.

Повелете.

ФАТМИР БЕСИМИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на Законот.

Отворам претрес по амандманот на поднасловот пред член 40 и за менување на член 40, поднесен од пратеникот Нелко Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за економија.

Повелете.

ФАТМИР БЕСИМИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Повелете господине Стојановски, имате збор.

НЕЛКО СТОЈАНОВСКИ:

Го повлекувам амандманот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на насловот на член 53 и за додавање нова реченица во членот 53, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за економија.

Повелете.

ФАТМИР БЕСИМИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на Законот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 54, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за економија.

Повелете.

ФАТМИР БЕСИМИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на Законот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 56 став 2, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за економија.

Повелете.

ФАТМИР БЕСИМИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Повелете господине Трајановски, имате збор.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе,

Сметам дека е ова  еден од значајните закони кои што се носат во Собранието на Република Македонија. Еден ваков закон за прв пат беше донесен

1999 година, со почеток на важност од 2000 година. После тоа имаше измени во 2002 година, не беа некои големи измени и еве сега врз основа на тие искуства од тој првичен закон, значи сега се предлага еден нов закон кој што можеби има вградено некои искуства во меѓувреме од другите држави од Европската унија.

На почетокот ќе кажам дека ние ќе го поддржиме овој закон, зошто сметаме дека овој закон оди во правец дека со зголемената конкуренција во Република Македонија ќе се зголеми и развојот и ќе се подобри севкупниот развој и работењето во областа на производството или било каде, во трговијата.

Она што сакам да го потенцирам и она што сметам дека во овој закон не е добро, во овој Предлог на закон кој што сега ни се нуди, не е до крај регулирано или не е регулирано, имено се работи во врска со тендерите, аукциите и други видови на продажба преку јавно надавање. Значи со исклучок на заеднички доставени понуди од страна на две или повеќе субјекти. Сметам дека притоа треба да ги фиксираат цените бидејќи во спротивно ние имаме многу честа појава во Република Македонија каде се изигруваат тендерите, аукциите и другите видови на продажба преку јавно надавање. Значи, преку меѓусебна соработка на учесниците во овие аукции.

Ваквата практика претставува сериозно нарушување на конкуренцијата на пазарот. Имено, на тендерите кои што често се нели предмет на интересирање на јавноста и на Антикорупциската комисија, многу често, или честа е практиката учесниците во тие јавни тендери меѓусебно да се договорат, така да се изигрува на некој начин тендерот.

Точка 1 став 1 од членот 7, од Предлог-законот за заштита на конкуренцијата, се однесува на фиксирањето на куповните или продажните цени, или другите услови за тргување во активностите за вообичаен промет на стоки и услуги. Сметам дека тука не се работи за понуди на тендери, аукции или други видови на продажба со јавно надавање. Тендерите, аукциите и другите видови на продажба преку јавно надавање претставуваат специфичен метод на продажба, кој треба посебно да се издвои во контекстот на можните недозволени активности на субјектите со кои се ограничува, односно се нарушува конкуренцијата. Забраната на претходното договарање на учесниците на овие јавни надавања, значи при доставувањето на понудите од страната на овие учесници на тендерите, аукциите и другите видови на продажба преку јавно надавање, не се однесува на понудите кои заеднички ги доставуваат два или повеќе учесници. Затоа сметам дека Законот во оваа област, значи во областа на јавното надавање би требало да се доизгради, би требало да се

долегурира, како  оваа област од Законот за заштита на конкуренцијата би бил поцелосен.

Другата забелешка се однесува и е во врска со членот 14 од Предлогот на законот. Инаку тоа е глава 2, доминантна позиција на пазарот. Едно претпријатие има доминантна позиција на релевантниот пазар, а како потенцијален продавач или купувач на определен вид на стоки или услуги, нема конкуренти на релевантниот пазар, и во споредба со своите конкуренти има водечка позиција на релевантниот пазар. Сметам дека тука, исто така, оваа доминантна позиција би требало да се доограничи, значи да не се злоупотреби оваа доминантна позиција, тоа е регулирано во членот 14. Значи, злоупотребата на таа доминантна позиција. Во став 1 вели: “забранета е секоја злоупотреба на доминантната позиција од едно или повеќе претпријатија на релевантниот пазар или негов суштински дел”. Сметаме дека треба да се доизгради, после точка 6 на став 1 од член 14, треба да се стават дополнувања, значи  став 7 треба да има - создавање на препреки за влез на конкурентски претпријатија во дејноста.

Исто така, треба уште еден став да се додаде, тоа е став 8, активности насочени кон елиминирање на конкурентските претпријатија од пазарот. Значи тоа се злоупотреби кои што може да ги направи доминантната фирма, која што има доминантна позиција на пазарот. Овие два става нема да се применуваат ако претпријатието со доминантна позиција создава препреки за влез на нови претпријатија, или ја намалува конкурентноста на постојните, преку зголемување на својата ефикасност, или ако користите од зголемената ефикасност ги пренесува на потрошувачите. Значи, со додавањето на овие одредби, околу создавањето на препреки за влез на нови конкурентски претпријатија во дејност од страната на посебните претпријатија, со доминантна позиција на пазарот и активностите насочени кон елиминирање на постојните конкуренции на пазарот.

Создавањето на препреки за влез вклучува, но не е ограничено во разните практики на зголемување на трошоците на работење на потенцијалните конкуренти со  цел нивното одвраќање од влез во дејноста. Активностите за елиминирање на конкурентите вклучуваат, но не се ограничени во т.н. предаторско утврдување на цените, или друг не фер деловнички практик . Овие одредби кои што ги напоменав би требало да се доведат како ставови во членот 14 став 2 . Значи, овие се стандардни одредби во современите закони за заштита на конкуренција во светот и потреба на практика за заштита од конкуренција.

Трето, би сакал да потенцирам за овој закон кој што сметам дека ние ќе го подржиме бидејќи конкуренцијата е значајна за севкупното работење во Република Македонија. Имено, сметам дека после членот 49 треба да се додаде нов член кој би гласел: Кога некое претпријатие ја злоупотребува својата доминантна позиција, а не постои друг правен лек според одредбите од овој закон за спречување на таквата практика и повторување на  злоупотребата, Комисијата за заштита на конкуренција може да го реорганизира, или да го подели претпријатието под услов да постои разумна веројатност дека новиот субјект, односно субјекти ќе бидат економски одржливи. И под два, правото за реорганизирање, или поделба на претпријатието содржано во став 1 од овој член ќе се користи на начин насочен кон минимизирање на евентуално зголемување на трошоците за обезбедување на стоката, или услугата со цел заштита на интересот на потрошувачите. Значи, зошто ние ова го предлагаме?  Во определени случаи кога се исцрпени можностите за спречување на злоупотребата на доминантната позиција според одредбите на овој закон ќе биде неопходна примена на поригорозни мерки познати во практиката за заштита и унапредување на конкуренцијата насочени кон реорганизација, или поделба на постојното претпријатие која ја злоупотребува својата доминантна позиција на пазарот на штета на своите конкуренти и на потрошувачите. Кон ова органот надлежен за спроведување на законот ќе прибегне единствено во случај кога се цени дека новиот односно новите субјекти кои би настанале по организација, или новата организација на доминантниот, на претпријатието, односно поделбата на постојното претпријатие во иднина ќе бидат економски одржливи претпријатија, а трошоците на работењето кои можат да влијаат врз промената на цената на производот, или услугата нема значително да се зголемат, со цел да се заштити интересот на потрошувачите. Значи, ова би биле овие три мои забелешки на овој закон. Инаку, сметам дека законот треба да се подржи. Значи, доколку се усвојат, или разгледаат овие забелешки ние би биле задоволни и со тоа би го подржале законот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Претпоставувам дека вашите забелешки се за идното изменување и дополнување, освен ако Владата може да поднесе амандмани во врска со овие ваши забелешки.

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата. 10-те минути почнуваат да течат.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 61 пратеник.

60 пратеници гласале.

60 пратеници гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот.

**Минуваме на точката 12 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за авторско право и сродните права**

Предлогот на Законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 2 точка 9 за бришење на алинеја 6, член 4 во воведната реченица, член 6, член 10 во новиот член 21-а став 1, член 15 став 1, член 28 за менување на став 4, член 36 став 1, член 43, член 46 став 2, член 74 во новиот член 146-а став 2, и на став 3, член 86 став 5, член 90 во новиот член 184-г и на член 90 во новиот член 184-ѓ .

Отворам претрес по амандманот на член 2 точка 9 за бришење на алинеја 6 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за култура.

МЕЛПОМЕНИ КОРНЕТИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 4 во воведната реченица поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

МЕЛПОМЕНИ КОРНЕТИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 6 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

МЕЛПОМЕНИ КОРНЕТИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 10 во новиот член 21-а став 1 поднесен од Законодавно- правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

МЕЛПОМЕНИ КОРНЕТИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 15 став 1, поднесен од Законодавно -правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

МЕЛПОМЕНИ КОРНЕТИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 28 за менување на став 4 поднесен од Законодавно -правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

МЕЛПОМЕНИ КОРНЕТИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 36 став 1 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

МЕЛПОМЕНИ КОРНЕТИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес на член 43 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата .

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

МЕЛПОМЕНИ КОРНЕТИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 46 став 2, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

МЕЛПОМЕНИ КОРНЕТИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 74 во новиот член 146 -а став 2, и на став 3 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

МЕЛПОМЕНИ КОРНЕТИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 86 став 5, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

МЕЛПОМЕНИ КОРНЕТИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 90 во новиот член 184-г поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

МЕЛПОМЕНИ КОРНЕТИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 90 во новиот член 184-ѓ поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

МЕЛПОМЕНИ КОРНЕТИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Ве молам, кој бара збор?

Има збор Мелпомени Корнети заменик министер за култура.

МЕЛПОМЕНИ КОРНЕТИ:

Почитуван господине пртседателе, дами и господа пратеници,

Со оглед на тоа што станува збор за значаен закон кој се однесува на авторски права, сметам дека треба да се даде едно кусо експозе.

Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за авторско право и сродните права, всушност претставува втора измена на основниот закон кој е донесен 1996 година.

Тој закон се базира на сите важечки правни извори од областа на авторско право и сродни права, тоа се конвенциите Римската конвенција, Фонограмската,

Универзалната конвенција за авторско право до Конвенцијата за дистрибуција на сигнали на пренос на програмите преку систем и директивите на европската унија кои се однесуваат на оваа област.

Причините за втората измена на овој закон главно се:

Прво, доусогласување со Законодавството на ЕУ, потоа вградување на одредени законски решенија кои се произлезени од согледување во функционирањето на досегашниот закон во пракса, како и соодветно транспонирање на договорите на Светската организација за интелектуална сопственост, за авторско право и за изведбите и фонограмите.

Она што е особено значајно, рековме, тоа се доусогласувањата со директивите на ЕУ, тоа се седум директиви, Директивата за заштита на компјутерските програми, Директивата за правото на изнајмување на правото на позајмување на одредени права сродни на авторското право во областа на интелектуалната сопственост, Директивата за координирање на определени правила што се однесуваат на авторското право и правата што се сродни на авторското право, а се применуваат на сателитско емитување и кабелско реемитување, Директивата за право на препродажба во корист на авторот на оригиналното уметничко дело и две кои  за прв пат се третираат односно со кои се усогласува овој закон тоа се Директивата за правна заштита на базите на податоци поради користење на авторските дела и предметите на сродни права преку интернет и Директивата за хармонизација на некои аспекти на авторското право и сродните права во информатичкото општество.

Значи, тоа се тие новини во законот, покрај тоа што претходно рековме имаме усогласување со пет и одредени иновации во овој закон кои произлегуваат од согледување во праксата, тоа се:

Прво, инспекцискиот надзор кој со овој закон што е пред вас се прошируваат и на други државни органи, значи освен Инспекцијата што е во состав на Министерството за култура ќе бидат задолжени и некои други органи.

Понатаму, се зголемуваат казните при прекршочни пријави со зголемување на минималниот износ на 60 илјади денари и исто така се зголемува рокот по кој застарува едно дело. Од досегашните две, сега рокот се зголемува на пет години и на тој начин се подобрува можноста за остварување на авторските права.

Исто така се овозможува колективно остварување на правата со одредби кои овозможуваат посредување и помош на преговори, а она што често го нагласуваме

тоа е дека се усогласуваме со договорите на Светската организација за интелектуална сопственост, практично со таканаречената информатичка директива на ЕУ.

На крајот, мислам дека и тоа треба да се каже како еден вид препорака за неговата сеопфатност дека е работен со помош на експерти од Германија, поддржани со програми на ЕУ, ги помина расправите на Собраниските комисии каде ја доби поддршката и оттаму препорачуваме денеска да се расправа по него и да се донесе.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, денеска имаме расправа по текстот на Законот, а не по законот и вашето излагање ми личеше како при општата расправа.

Во секој случај госпоѓо Елеонора се откажувате? (Да)

Има збор пратеникот Јордан Михајловски.

ЈОРДАН МИХАЈЛОВСКИ:

Јас нема да се откажам, почитуван претседателе, само накратко, очекував дека претседателката на Комисијата ќе каже неколку збора, со оглед на тоа дека се работи за еден суштински закон со кој се штити интлектуалнаа сопственост во сите облици, за прв пат со овој закон се штитат иновациите во информациското општество и правата од интерес што ги немаше во претходната верзија од Законот.

Иако законот е усогласен со директивите на ЕУ, сепак има потреба од други доусогласувања. Овие денови бев во контакт, примив некои сигнали од авторските здруженија во Република Македонија, тие изразуваат негодување во однос на тоа како се штитат колективните права во сверата на авторското право. Сметаат дека членовите од 139 до 155 не се усогласени или напросто нема со што да се усогласат, со оглед на тоа дека Конвенцијата за заштита на авторските права од сверата на трудот е недоволна за да се штитат овие права, што значи дека се очекува нова конвенција од страна на ЕУ.

Не гледам дека овој закон ќе нанесе штета во однос на колективните права што се остваруваат во сите свери како што се сверата на интелектуалната сопственост, во сверата на творештвото, литературното творештво, архитектонските дела, музичките права, меѓутоа, сметам дека, со оглед на тоа дека се работи за еден комплексен закон кој претрпува многу промени со овие амандмани што се нудат,

сепак станува збор за еден закон кој ќе биде проблематичен во натамошниот период и сигналите кои ги примаме од Министрството за култура, како позитивни, дека се работи за нов закон, сметам дека навистина во оваа сфера ќе добиеме еден квалитетен закон.

Можам да кажам дека сепак Законот нуди одредена заштита на авторските права, особено во однос на тоа дека ние почнавме една кампања во однос на пиратеријата, меѓутоа, тоа се работи само во однос на музичките права. Со оглед на тоа дека и во развиените земји не можат да се справат со пиратеријата на интернет и во сферата на информациското општество, секако дека овој закон понатаму ќе треба да се доусогласува и тие сигнали, како што реков, позитивни што доаѓаат од Министерството за култура дека во скоро време ќе имаме нов закон за авторски права, сметам дека овие дилеми кои стојат во авторските здруженија и некои други дилеми наскоро ќе бидат надминати.

Инаку, законот како што е срочен вака, сепак е хармонизација со Законодавството на ЕУ и тој ќе има одредена функција до моментот кога ќе го донесеме новиот закон кој ќе биде континуитет или подобрување на овој закон.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, господине Михајловски.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Ги повикувам патениците да влезат во салата, но овој пат нема да чекам 10 минути, туку ќе чекам пет минути.

Ги молам службите нека го утврдат бројот.

(Течат минути на чекање)

Бидејќи тече последната минута, сакам да го утврдам конечниот број.

Молам службите да го утврдат конечнот број за да знаеме колку имаме пратеници во салата.

Почитувани пратеници, бидејќи сме 58 пратеници, немаме кворум, тука ја завршувам работата за денеска.

Продолжуваме утре во 11,00 часот.

Благодарам.

(Седницата прекина со работа во 16,35 часот).